На 72 страници

# магазин за ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

Година 2 Број 1
Март 2023 г.

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

Цена 150 ден.



АНАЛИЗА

## Д-Р АНИТА АНГЕЛОВСКА-БЕЖОСКА

Гувернер на НБРМ

***„Жените како двигатели на економскиот развој"***

КОЛУМНА
**Проф. д-р Симе АРСЕНОВСКИ**
Иднината на ИТ-индустријата

МОЈА ОПШТИНА
**Марко КОЛЕВ**
Велес ќе стане лидер за транзитен туризам

РЕПОРТЖА
**Вински туризам**

www.magazinturizam.mk

ISSN 2671-3934
5 318000 033115





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Биљана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



АНАЛИЗА: „Жените пишуваат историја" **Анализа со гувернер на НБРМ, д-р Анита АНГЕЛОВСКА-БЕЖОСКА** 4



ТЕМА: **Меѓународен форум за женско лидерство** 12



КОЛУМНА: **Проф. д-р Симе АРСЕНОВСКИ** Иднината на ИТ-индустријата 24



ЕКОНОМИЈА: **Колку пари ќе собере државата од новиот закон за даночно оданочување?** 32



МОЈА ОПШТИНА: **Марко КОЛЕВ** Градоначалник на Општина Велес 38



РЕПОРТАЖА: **Вински туризам** 44



ДУРБИН: **Кратки вести од светот** 50



ТУРИЗАМ: **Ќе заздрави ли хотелиерството од кризите кои го затекнаа?** 54



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Пораки од амбасадорките на Меѓународниот форум** 60



КОМПАРАЦИЈА: **Кој троши најмалку, кој најмногу во ЕУ за храна** 68

# ПАТОТ НА КОБРА ДО ЅВЕЗДИТЕ

**ХОТЕЛ АЛЕКСАНДАР ПАЛАС**

**24 АПРИЛ 2023 - 20:00**

**Промоција на документарен филм за Дарко Панчев, македонската гордост и нашата најголема фудбалска ѕвезда**





М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# МОЌТА НА ЖЕНАТА Е ВО ЗБОРОТ

*Секоја жена има моќ да напише историја, да создаде подобро утре и да остави белег во светот. Кога жените успеваат, сите успеваме и стануваме посилни. Но, патот до успехот никогаш не е лесен. Потребна е напорна работа, посветеност и храброст.*

*Да се биде мајка, сопруга, сестра, но истовремено да бидете професионално успешни во вашата работа, не е воопшто лесно. Тоа бара голема жртва, откажувања, но и поддршка од најблиските.*

*Дамите секојдневно се среќаваат со стереотипи додека цврсто газат на своите лидерски позиции. Потребна е свест и храброст за идните генерации. Сите ние треба најостро да му се противставиме на насилството врз жените, да инвестираме во квалитетно образование за девојките, но и да ги извадиме од сиромаштија маргинализираните жени. Да отвориме повеќе работни места за жените и да овозможиме нивни напредок во кариерата.*

*Жените секогаш може да бидат на врвот, вклучително и во приватните компании. Важно е да се идентификуваме како силни и способни жени, храбри и подготвени да ги реализираме своите соништа!*

# АНАЛИЗА СО ГУВЕРНЕРОТ НА НАРОДНАТА БАНКА, АНИТА АНГЕЛОВСКА-БЕЖОСКА



# ЖЕНИТЕ КАКО ДВИГАТЕЛИ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ



Жените ја подигаат економијата. Жените се добри лидери. Сепак, родовата нееднаквост и денес е глобален проблем. Родовиот јаз е изразен и кај нас. За да се надминат предизвиците, треба да го свртиме вниманието на јавноста кон прашањето на родовата еднаквост и неговото значење. Добрите примери на родова еднаквост, засега поретки во општеството, можат најдобро да ги отсликаат резултатите и придобивките од поголемата застапеност на жените во општеството и економијата.

Инспирацијата за оваа анализа ја најдовме во Народната банка, која од угледниот истражувачки центар ОМФИФ, беше рангирана како прва во светот во централнобанкарската заедница според застапеноста на жени на раководни места во финансиски институции, како и во жената што се впиша во македонската историја како прва гувернерка на Народната банка – Анита Ангеловска-Бежоска. Со првата жена на нашата централна банка анализираме зошто, конечно, жената треба да го заземе местото што ѝ припаѓа во општеството и во економијата. На големо задоволство на „Универзитетот Скопје“, гувернерката на оваа тема зборуваше и на Меѓународниот форум за женско лидерство „Жените пишуваат историја“.

**На почеток од анализата, иако изгледа парадоксално, мора да се истакне дека во 21 век сè уште дебатираме за родова еднаквост. Постојат многубројни студии и анализи кои укажуваат дека инклузијата на жените креира додадена вредност во општеството и во економијата. Имаме сè повеќе успешни жени – глобални лидери, кои го предводат светот во различни сфери. Сепак, сè уште останува потребата да се адресира прашањето за родова нееднаквост, сè уште зборуваме за преференцијата за ангажман на мажи пред жени, како и поголеми надоместоци за ист труд за мажите.**

Анита Ангеловска-Бежоска: Родовата нееднаквост останува глобален феномен. Ако ги погледнеме статистичките податоци во глобални рамки, половина од популацијата во светот се жени, а само половина од нив се вклучени активно на пазарот на работната сила. Статистиките покажуваат и дека жените заработуваат помалку од мажите. На пример, согласно податоците на Евростат, жените во ЕУ во просек заработуваат за околу 13% помалку во споредба со мажите.

За жал, и во изминатите неколку години статистиките во глобални рамки воопшто не се охрабрувачки. Во првата пандемиска година, 54 милиони жени во светот го напуштија пазарот на трудот, при што процената е дека 90% од овие случаи се на перманентна основа.

Ова е парадокс, ако ги земеме сите придобивки кои ги носи повисоката инклузија на жените, како во економијата, така и во општеството. Поголемата инклузија на жените во општеството носи, пред сè, поздраво општество, поради пониската наклоност кон насилство и повисоката кохезија. Многубројни научни истражувања укажуваат и дека поголемата вклученост на жените носат повеќе економски придобивки, особено во поглед на поголем ангажман на работна сила, а со тоа и поголема продуктивност, што значи повисок економски раст, помали стапки на сиромаштија  и повисок животен стандард за граѓаните. Научните истражувања дури и ја квантифицираат придобивката од вклучувањето на жените на пазарот на труд и покажуваат придонес кон повисоки стапки на економски раст за околу 10% во поразвиените економии, односно за околу 30% за економиите во развој.

Но, да не ја занемариме и димензијата квалитет кога зборуваме за вклучување на жените во работната сила. Жените имаат поинакви карактеристики од мажите, така што нивното вклучување во органите на раководење кои носат одлуки значи и подобра комбинација на различни знаења, вештини, карактерни особини, кои на крајот резултираат и со пооптимални процеси на носење одлуки. Некои од карактерните особини специфични за жените, како аверзијата кон ризик, прагматичноста, емпатијата и инспиративноста ги прават добри лидери. Ќе дадам еден пример, во минатата година беше направено темелно глобално истражување во кое беа опфатени 5.000 компании во 100 земји, каде што јасно се виде дека вработените ги оценуваат како мудри, прагматични и емпатични околу 55% од жените-лидери во компаниите, а само 27% од мажите-лидери. Овие карактеристики се особено значајни во кризни периоди, кога е потребно да се носат тешки одлуки, а притоа да се зачува димензијата на разбирање, поддршка и на емпатија со вработените.

**За жал состојбата ни кај нас не е подобра од аспект на родовиот јаз, пред сè на пазарот на трудот.**

Анита Ангеловска-Бежоска:  Состојбата кај нас не се разликува многу од глобалните трендови. Стапката на активност на женското население е само 45%, додека кај машката популација е околу 65%, што упатува на значаен родов јаз. Потребни се мерки и




Анита Ангеловска-Бежоска, гувернер на НБРМ.

натамошни унапредувања на состојбите, ако појдеме од тоа дека клучен предизвик ни се повисоки стапки на економски раст. Имајќи предвид дека човечкиот потенцијал е еден од клучните двигатели на тој економски раст, помалата вклученост на жените резултира со загуби за целата економија.

**Добрите примери за родова рамноправност, светлите точки во општеството, се еден од начините за адресирање на ова прашање, односно креирање на правилно јавно мислење и поставеност кон родовата еднаквост. Тука би се осврнала на Народната банка, која е пример за повисока застапеност на жени на раководни места.**

Анита Ангеловска-Бежоска: Минатата година Народната банка беше рангирана како прва во светот во централнобанкарската и финансиска заедница според учеството на жените на раководни позиции. Инаку, централнобанкарската заедница, генерално, е свет во кој доминира машката популација. Од 185 централни банки во светот, само 17 се предводени од жени. Меѓу нив е и Народната банка. Во Народната банка, 60% од вработените се жени, додека дури 70% од раководните позиции ги извршуваат жените. Од тројца вицегувернери, две се вицегувернерки. Не сакам да се сфати дека полот е клучната детерминанта зошто некој е на таа позиција, напротив, за тоа се заслужни нивните исклучително високи професионални квалификации. Сакам да истакнам дека ние како организација негуваме корпоративна култура на еднаквост, каде што напредокот и развојот на кариерата се должат исклучително на личните квалитети – стручноста, посветеноста кон работата,



Анита Ангеловска-Бежоска, гувернер на НБРМ.

подготвеноста постојано да се надградува, човечки квалитети и тимска работа итн.

Кога веќе зборуваме за Народната банка, би дала една компарација со финансискиот сектор кај нас, за да читателската публика може да добие појасна слика зошто нè издвојувате како „светол пример“. Состојбите со родовата застапеност во нашиот финансиски сектор не се разликуваат многу од глобалните трендови во банкарската индустрија, вклучително и во најразвиените економии, каде што во светот на финансиите сè уште преовладуваат мажите. Индексот ОМФИФ, кој ја мери родовата застапеност во централнобанкарската заедница и во финансиските институции, глобално забележува релативно мала застапеност на жените во управните одбори на деловните банки со 21%, а во надзорните одбори со околу 30%. Ситуацијата е слична и кај нас, односно во домашните банките само 31% од вкупниот број членови на управните и на надзорните одбори се жени, додека за жал, кај дел од нив воопшто нема жени во овие раководни тела.

Ќе напоменам и дека согласно најновите истражувања на ММФ, поголемото присуство на жените во управувачките тела во финансиските институции придонесува кон попрудентно работење, поголем квалитет на активата на банкарскиот систем, а сето тоа значи поголема отпорност на стресови. Оттаму, јасно е дека треба и понатаму да се трудиме да има промени во оваа област во домашниот банкарски систем.

**Анита Ангеловска-Бежоска ја испиша**

***Вон контекст, но со повод: Народната банка – домаќин на „Виенската иницијатива“, една од најголемите конференции во финансиите во Европа.***

**македонската историја станувајќи прва жена-гувернер на Народната банка.**
**Во времето кога бевте поставени за гувернер, само уште две жени во Европа ја извршуваа оваа функција. Вашиот кариерен пат беше од интерес на медиумите кога Ве назначија за гувернер на централната банка, па така можевме од тогашните репортажи да дознаеме како една од најдобрите студентки во генерацијата, која ја започна кариерата во Министерството за финансии во времето кога се поставуваа темелите на јавните финансии и на трезорскиот систем, дојде на позицијата гувернер на Народната банка.**

Анита Ангеловска-Бежоска: На почетокот на кариерата ја имав честа да бидам дел од еден тим во Министерството за финансии кој спроведе клучни реформи во системот на јавни финансии и ја постави инфраструктурата на која и денес тој се темели. Нашиот труд беше забележан, па бевме истакнувани како најдобар пример во регионот. Во Министерството за финансии бев околу 9 години, работејќи на различни позиции. Започнав како приправник, потоа извршував работни задачи како раководител на работната група за креирање на трезорскиот систем во нашата држава, а по формирањето на трезорскиот систем бев и првиот раководител. Својот ангажман во Министерството за финансии го завршив на позиција државен секретар, во период кога оваа функција беше исклучиво професионална.

Понатаму својата кариера ја продолжив во Меѓународниот монетарен фонд во Вашингтон, исклучително вредно искуство за мене. Како консултант на ММФ, имав можност да работам во повеќе европски земји, а воедно тоа беше богато искуство во фискалната и во макроекономската сфера. По ММФ, следниот ангажман беше Народната банка, но морам да нагласам дека исполнував и други должности пред да станам гувернер, така што имам богато искуство и во оваа институција пред да дојдам на чело на неа. Ја исполнував прво должноста главен економист, а потоа и вицегувернер.

Кога би требала да сумирам како се гради успешен и стабилен кариерен пат, би ги нагласила вложувањето во образованието и континуираниот образовен развој, градење на искуство, посветеност кон работата и лојалност кон институцијата и тимот.

**Во некои од јавните настапи, каде што зборувате за семејството и кариерата, вашата формула за успех на професионален и на приватен план е балансот.**

Анита Ангеловска-Бежоска: Точно, клучниот збор е баланс. Како сопруга и мајка на три деца, поставувањето вистински баланс помеѓу семејните и професионалните обврски беше можеби и најголемиот предизвик. Должностите кои ги извршував и работните ангажмани бараа и бараат големо вложување и жртвување на приватен план. Тука е и грижата на совест, дека можеби крадеме од приватното време, коешто ни е должност




НБРМ домаќин на Годишниот офрум на „Виенската иницијатива“.



да му го посветиме на семејството. Клучен фактор во креирањето на тој баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот беа разбирањето и поддршката од мојот сопруг и нашите родители.

**Народната банка неодамна беше домаќин на Годишниот форум на „Виенската иницијатива“, еден од најголемите годишни собири во областа на финансиите во Европа. Уште едно успешно поглавје на Народната банка.**

Анита Ангеловска-Бежоска: Имавме чест Народната банка да биде домаќин на еден ваков значаен настан, кој за прв пат се одржува во земја надвор од Европската Унија. За да добијат читателите појасна слика за димензиите на оваа конференција и намената, ќе посочам дека „Виенската иницијатива“ е платформа која ги поврзува меѓународните финансиски институции, банкарските регулатори и претставниците на банкарските групи од Европа, присутни во регионот на Централна, Источна и Југоисточна Европа.

Формирана е за време на првиот бран на Глобалната финансиска криза во 2009 година како  форум за носење одлуки и координација на релевантните чинители за да се спречат системски банкарски кризи и за да се обезбедат услови за непречени кредитни текови во економиите во регионот.

На Форумот годинава имавме околу 100 странски гости,  гувернери на централните банки од ЦИЈЕ, министер за финансии, високи претставници на Европската инвестициска банка, Европската банка за обнова и развој, Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, Европската централна банка и Европската комисија, како и претставници од банкарскиот сектор. Организацијата на „Виенската иницијатива“ во Скопје беше уште една потврда за позицијата и за угледот на нашата централна банка во централнобанкарската и финансиска заедница во регионот и во Европа.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for **three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO CERTIFIED tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# „ЖЕНИТЕ ПИШУВААТ ИСТОРИЈА“

## МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА ЖЕНСКО ЛИДЕРСТВО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ




Меѓународен форум за женско лидерство.

# ТЕМА

**Секоја жена има моќ да напише историја – порака од Меѓународниот форум за женско лидерство!**

„Ни треба охрабрување. Ни треба постојано потсетување кои сме, колку сме вредни и колку заслужуваме на крајот од денот. Да се биде жена, колку сложена, најтешка и најслатка одговорност на светот е тоа“.

Дали на овие инспиративни пораки се потсетуваме само во месецот на жената или треба да се запрашаме зошто голем дел од жените не се свесни за сопствената вредност, но и да запаметиме дека овие пораки треба да станат секојдневно потсетување за сите жени?




Меѓународен форум за женско лидерство.


Поздравен говор на проф. д-р Јана Илиева, генерален секретар на Универзитет Скопје.

Токму Меѓународниот форум за женско лидерство, кој го иницираше Универзитетот Скопје во Скопје беше со цел да кажеме кои сме и што можеме да направиме. На едно место Универзитетот успеа да ги собере најуспешните жени од Македонија и од странство. По повод месецот на жената, бизнисменки, амбасадорки, професорки, уметници, обвинителки, новинарки, ги споделија искуствата за големите успеси, за целите што ги трасирале, но и за предизвиците и стравовите со кои се соочувале по патот на успехот.

Над триесет успешни и докажани жени на Меѓународниот форум за женско лидерство од петте панели испратија силни пораки дека жените можат да го сменат светот на подобро и дека секоја жена има моќ да напише историја.

Присутните гости и панелистки ги поздравија ректорот на Универзитетот, проф. д-р Аце Миленковски и генералниот секретар, проф. д-р Јана Илиева. Форумот го отвори Илиева, која во својот поздравен говор истакна дека секоја жена има моќ да создаде подобро утре.

**„Повеќе од потребно е меѓусебно да се поддржуваме, да учиме една од друга, да се мотивираме. Само на тој начин ќе ги урнеме бариерите и стереотипите и ќе создадеме свет во кој родовата еднаквост не е само сон, туку реалност. Јас силно верувам дека секоја жена има моќ да напише историја, да создаде подобро утре и да остави белег во светот. А кога жените успеваат, сите успеваме и стануваме посилни“**, истакна Илиева за улогата на жената во општествените промени низ историјата и денеска.

Ректорот Миленковски им се заблагодари на жените што го разубавуваат светот, а ја посочи и официјалната статистика за жените во високото образование денес.

**„Официјалната статистика покажува дека од година во година на високообразовните институции се запишуваат повеќе жени и на додипломски и на магистерски и на докторски студии, и дека повеќе жени го заокружуваат целосно своето образование. Зборот убавина не е измислен за нас мажите, туку за вас, кои што сте создадени од Бога да бидете убави, вие како жени нè дарувате нас како мажи со вашата убавина. Семејството е најважната алка во општеството од каде што сè започнува и завршува, тоа е местото каде што се гради личноста, се воспитува и се насочува, а вие жените го одржувате семејството. Вие сте создадени од Бога да ја давате љубовта и колку што повеќе ни ја давате нам, мажите, толку повеќе ја имате во себе и уште повеќе ја ширите. Јас ви се поклонувам“**, истакна Аце Миленковски на Форумот за женско лидерство.

Во првиот панел посветен на успешните жени




**Поздравен говор на проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитет Скопје.**

во дипломатијата, амбасадор на Кралството Шведска, Ами Ларсон Џеин, истакна дека родовата еднаквост значи рамноправна распределба на правата, застапеноста и на ресурсите во општеството, 50% - 50% меѓу мажите и жените. Таа нагласи дека многу е сторено на овој план, но дека има уште многу да се работи.

**„Колку што повеќе жените се појавуваа на пазарот на трудот, толку повеќе почнуваа да прашуваат, како може да правиме сѐ дома и истовремено да работиме“**, вели Џеин.

Жените треба да се едуцираат и да сонуваат големи работи, е пораката што ја испрати амбасадорот на Србија во Македонија, Невена Јовановиќ.

**„Кога зборуваме за поттикнување на партиципацијата на жените во надворешната политика, не смееме да заборавиме дека тоа е начин да го поттикнеме и учеството на жените во политиката и во процесите на одлучување како такви, бидејќи верувам дека кога ги зајакнуваме младите девојки и жени, креираме јаки жени, а би рекла дека јаките жени може да го сменат светот“**, изјави Невена Јовановиќ, амбасадор на Република Србија во Македонија.

Во вториот панел посветен на жените што го движат бизнисот, Анита Ангеловска-Бежовска, гувернер на Народната банка, нагласи дека поголемата вклученост на жените во работната сила може да значи повисоки стапки на економски раст.

**„Општествата со поголема родова еднаквост се сметаат за посигурни, поздрави, со помалку насилство и со поголема кохезија. Поголемата интеграција носи и голем број економски придобивки, не само за жените, туку и за целото општество“**, истакна Анита Ангеловска-Бежоска, гувернер на Народната банка.

**Обраќање на гувернерот на НБРМ, д-р Анита Ангеловска-Бежоска.**





Обраќање на Емилија Спироска, член на Управниот одбор на Прокредит банка.

Обраќање на Сања Лукаревска, директор на УЈП.




Она што им недостига на жените-претприемачи е храброст, истакна Емилија Спироска, член на Управниот одбор на Прокредит банка која учествуваше на Форумот

**„Во групацијата Прокредит, 60% од вработените се жени, во Македонија процентот е уште повисок. Има интерес кај младите девојки да работат во банка, но недостига храброст кај жените-претприемачи. Од година во година забележувам дека мажите трчаат спринт, но жените-бизнисмени во овој сектор маратон“**, изјави Емилија Спироска, член на Управниот одбор на Прокредит банка.

На панелот за жените во бизнисот учество зема и директорката на УЈП, Сања Лукаревска, кој порача дека ако се поддржуваме една со друга, тогаш секако ќе имаме успех.

**„Навистина сме покажале одреден континуитет, а тоа значи дека жената кога е на некоја раководна позиција во една институција, независно дали станува збор за некое даночно одделение или за раководење на некој сектор, мислам дека ги имаме соодветните резултати, да не бидам погрешно разбрана, но мислам дека ние сме далеку поодговорни, подисциплинирани и мислам дека знаеме навремено да ги завршуваме своите работни задачи, а врз основа на тоа да испорачуваме и соодветни резултати. Во Управата за јавни приходи доминираат жени. Од 1.000 вработени, повеќе од половината се токму жени. Целиот мој кабинет е составен од жени. Ние сме поодговорни и дисциплинирани, секогаш во рок ги испорачуваме резултатите. Ако се подржуваме меѓусебно ќе бидеме уште поуспешни“**, изјави Лукаревска.

Жените на Балканот ги краси упорноста, тоа го носат во себе, рече Анета Пешева, генерален директор на УНЕТ и почесен конзул на Канада, која додаде дека рамноправноста

во ИТ-секторот е апсолутно застапена. Но, таа констатира дека жените во македонската политика не се доволно застапени, а уште помалку кога треба да се одлучува за клучни работи. Според неа, жените ќе бидат рамноправни со мажите ако и само ако се финансиски независни.

**„Јас сум во една специфична професија, успеав да се изборам и да добијам рамноправност. Кога зборуваме за менаџерите во мојот бизнис, нема никаква разлика. Рамноправноста во ИТ-секторот е апсолутно застапена, имаме барања кои уште подобро ќе ја подобрат положбата на жената, особено тие што се занимаваат со бизнис. Јас мислам дека жените не се застапени повеќе во политиката, тешко ги добиваат лидерските позиции, кога се носат одлуки за клучни работи во државата, седнати се мажите, и тоа треба да се промени. Затоа ни претстои тој еден пат, и треба да се избориме за тоа. Да се чуе гласот за жените, да се добие самодоверба. Но, жените не можат да бидат рамноправни со мажите ако не се финансиски независни, и нели е срамота од 82 градоначалници, да има само две градоначалнички“**, истакна Пешева.



Обраќање на Анета Пешева, генерален директор на УНЕТ и почесен конзул на Канада.



Обраќање на Улкер Шуле Аксој, генерален директор на Туркиш ерлајнс во Македонија

Модерниот свет е во рацете на жената, а посебно за младите девојки најважното нешто е едукацијата, порача Улкер Шуле Аксој, генерален директор на Туркиш ерлајнс во Македонија. Само образовани жени можат да бидат лидери, вели таа, која додаде дека во авиобизнисот жените може повеќе да се забележат на аеродромите, но не и на високи менаџерски позиции.

**„Јас сум меѓу оние ретки шест дами на менаџерски позиции во групацијата и тоа за мене е привилегија, но и голема одговорност. Од гледна точка на мажите, оваа работа е повеќе за нив, жените можеме да ги гледаме само на чек-ин. Јас сум една од тие што имаа среќа, новиот директор забележа дека има недостиг од жени во нашата компанија, па се преземаа некои чекори минатата година, сега сме 6 генерални жени-менаџери и сме среќни што се зголемува бројот. Се надеваме дека ова ќе се промени во иднина“**, изјави Улкер Суле Аксој, директор на Туркиш ерлајнс во Македонија.

Жените повеќе да се вклучат во приватниот сектор, порача Мерита Рамадани-Алими, сопственик на приватен бизнис во Македонија. Таа вели дека сè помалку жени ризикуваат да почнат сопствен бизнис затоа што им недостига храброст, па затоа работа бараат во државната администрација.

**„Јас сум две децении во приватниот сектор, татко ми забележа дека мене ме бива за бизнис, таа поддршка ми ја даде мојот татко, па како што растев, така инвестирав во себе. Најголемиот предизвик беше кога пред 11 години го изгубив мојот родител, но поддршката дојде од мојот сопруг. Се соочивме со многу предизвици и со предрасуди, но јас се трудев да докажам дека жената може да ги работи сите работи како и мажите. Ние можеме заедно да градиме подобра иднина. Образованието и домашното воспитување се многу важни“**, изјави Мерита Рамадани-Алими, сопственик на Доган.

**„Знаете ли дека директори од Косово и Албанија неколку месеци не сакаа да дојдат на состанок со мене затоа што сум жена?“**, вакво искуство сподели Сања Божиновска, советник за енергетика, професија во која повеќето се мажи.



Обраќање на Мерита Рамадани-Алими, сопственик на приватен бизнис.

Обраќање на Сања Божиновска, советник за енергетика.



**„Во енергетскиот сектор доминираат мажите на менаџерски позиции. На Балканот сè уште постојат стереотипи за тоа дали можат жените да бидат успешни директори и менаџери. Во енергетиката повеќето се мажи, иако има жени, но на менаџерските позиции, бројот е мал. Јас деветнаесет години се занимавам со енергетика и тоа е многу стресна професија. Во 2008 година, кога отворивме фирма во Македонија, на сите состаноци беа мажи, денес сме 2023 година, и сè уште на челни позиции во овој сектор нема жени. Како жена, поинаку се согледуваат проблемите и има поинакво решавање на проблемите. Се надевам дека во Македонија ќе се променат одредени работи“**, изјави Сања Божиновска, експерт за енергетика.

Таа испрати порака дека секоја жена треба да верува во себе и да работи на себе, и дека ако е од Македонија, тоа не значи дека не може да успее во светот.

Какво е искуството со жените и образованието во соседна Бугарија, раскажа Миглена Темелкова, ректор на Универзитетот за телекомуникации и пошти во Софија, Бугарија, на третиот панел посветен на жените во образованието.

**„Во високото образование во Бугарија, мажите сè уште доминираат како ректори, иако 40% од вкупниот број се жени. Не е лесно да ја стекнеш довербата како жена во Бугарија. Можеби жените се поемпатични, поподготвени за дијалог, поголеми дипломати и поподготвени за консензус, а во високото образование тоа е примарната улога на менаџерот. Сметам дека може во следните години да очекуваме паритет меѓу мажите и жените во Бугарија. Потешко е кога треба да земеш менаџерска позиција во универзитет што е првично инженерски, каков што е и нашиот универзитет. Знаете дека инженерството помалку или повеќе им припаѓало на мажите во минатото, но денеска сè повеќе жени навлегуваат и во инженерската професија. И тука слушнавме во претходните панели, жените веќе многу често се среќаваат и во компјутерските науки, и во информациските технологии, и во програмирањето, и во сè повеќе професии што биле доминирани во минатото од мажите, што зборува за адаптивноста на жената да може да ги интегрира своите квалитети во различни професии, без разлика дали се работи понекогаш за претежно машки професии“**, изјави Темелкова.




Обраќање на проф. д-р Миглена Темелкова, ректор на Универзитетот за телекомунакации и пошти во Софија, Бугарија.




Обраќање на проф. д-р Благица Новковска, професорка на УТМС.

Жените во Македонија се гласни, ама на погрешно место и во погрешно време, заклучува и професорката од Универзитетот Скопје, Благица Новковска, која учествуваше на панелот посветен на жените во образованието. Во Европа, па дури и во скандинавските земји, не може да се најде земја што има учество на жените во политиката повеќе од 30 отсто, вели таа.

**„Со поголемо учество на жените во политиката, во носењето на политички одлуки, може многу да промени. На глобално ниво, иако се прават многу активности, политики и стратегии, има само 25% учество на жените во парламентите, што ќе се сложите дека е многу малку. Но, ако се погледнат податоците во првите три земји во кои жените имаат високо учество во политиката, а тоа се Руанда, Куба и ОАЕ, и јас бев изненадена, причината е дадената можност на добро организираните жени да ги отпочнат реформи, и нивните реформи даваат резултати“**, изјави проф. д-р Благица Новковска, професор на УТМС.



Обраќање на Снежана Лупевска-Созен, доректор и главен и одговорен уредник на ТВ Телма.



Во панелот посветен на жените во медиумите, беше испратена порака дека жените во оваа професија докажале дека се многу похрабри од мажите, но и дека медиумите имаат важна улога во претставувањето на жените како лидери.

**„Во ова општество и медиумите треба да бидат раководени од жени, бидејќи жените можат да сработат, и не само да работат туку и да раководат. Исто така, во многу ситуации се докажало дека ние како жени сме многу храбри и похрабри од мажите во предизвиците што ги совладуваме. Новинарството е женска професија токму поради храброста и токму поради тоа што многу работи можеме наеднаш да ги завршиме. Ние како жени во новинарството имаме најголем проблем со мажите кои се на моќни позиции во политиката, што дури си дозволуваат да навредат новинарки“**, изјави Снежана Лупевска-Созен, директор и главен и одговорен уредник на ТВ Телма.

**„Посебно внимаваме како е претставена жената во медиумите, тој аспект е многу важен бидејќи ние го креираме мислењето на јавноста. Сакаме да избегаме од стереотипите, сакаме да ја претставиме жената како лидер, како моќна, но тоа тешко ни оди, а верувајте дека тешкотии имаме и од другата страна, од страна на жените. Медиумот е тој што треба да ја смени перцепцијата на жените меѓу публиката, да ја има таа едукативна улога да ја претстави во вистинско светло, како пилот, како менаџер, како учесник во сите сфери во општеството, и со тоа да се влијае пред сè на младата популација, а понатаму и на другите“**, изјави Анета Андонова, одговорен уредник на Првиот програмски сервис во МРТ.

Дамите од културата и од уметноста порачаа дека и во овие професии нема машко – женско и дека самите жени треба да се изборат за своите цели. Тие исто така предупредија дека уметноста е на колена, а културата на многу ниско ниво.

Обраќање на Анета Андонова, одговорен уредник на Првиот програмски сервис на МРТ.





Обраќање на Стојна Костовска, актер.

**„Мојот живот е театарот, но во моментов културата во Македонија, за жал, е паднатa на многу ниско ниво. Недостига публика во театрите, нови премиери и желба кај граѓаните во време на криза да се облечат гламурозно и да погледнат убава претстава“**, изјави Стојна Костовска, актер.

**„Ликовната уметност е многу значајна за идните генерации. Но, во Македонија во моментов уметноста е на колена, почнувајќи од едукацијата кај децата до интересот на јавноста. Во медиумите нема емисии од култура, ретко може да видите некој прилог за нова ликовна изложба. Стандардите се паднати, критериумите променети, сето ова е на штета на идните генерации. Уметноста не е само за на ѕид, таа е движечка сила, таа е револуција, мора да пропагирате вредности во општеството. Главната мисија е уште повеќе да се промовира уметноста. Имаме дејци со кои може да се гордееме. Уметноста е многу потребна и треба да се направи поголема промоција на овие професии“**, изјави проф. д-р Јана Манева-Чупоска, ликовен уметник.

Обраќање на проф. д-р Јана Манева-Чупоска, ликовен уметник.






Обраќање на Снежана Коневска-Руси, актер.



**„Мојата професија порано беше престижна и ценета. Имавме критичари, културни работници, плејада врвни имиња со кои беше чест да се работи и да се соработува. Медиумската поддршка денес ја немаме. Многу малку се пишува и се зборува за културата и за уметноста. Мора да го зграбиш денот, никој ништо не ти дава, мора сама да се избориш, нема женско - машко, тука постои ролја, или ќе ја земеш ако ја сакаш или ќе седиш дома“**, изјави Снежана Коневска-Руси, актер.

**„Ние сме слики во движење, текстот се движењата, навистина е еден колаж од многу сегменти, мора да сме и драмски подготвени, да сме едуцирани. Жените доминираат во балетот. Дури и имињата на балетските претстави се женски. На новите аудиции слаб е интересот од страна на машкиот пол. Во светот има многу доминантни и успешни балетани“**, кажа Олга Панго, уметнички раководител на балетот во МОБ.

Обраќање на Олга Панго, уметнички раководител на балетот во МОБ.






Обраќање на проф. д-р Наташа Мешковска, спортист.

**„Имав успешна и динамична спортска кариера, за жал спортската кариера трае кратко, бидејќи човек професионално може да се занимава со спорт до својата 30-годишна возраст. Врвниот спорт е наука, истражувања, статистика. Благодарение на денешната технологија, може да проникнеме во тие резултати, зошто првиот е прв, а третиот е трет. Јас бев темпераментно и живо дете, позитивната енергија родителите ми ја насочија во пливањето. Јас бев од таа генерација на деца кога масовно почнавме со пливање. Се најдов во таа средина, па на 12-годишна возраст почнав да се натпреварувам, на четиринаесет години станав првак на Македонија, на петнаесет рекордер и првак во Југославија. Битно е да имате талент, но талентот е еден процент, а 99 проценти се работа и љубов. Во спортот никој сам не успеал, туку зад секој врвен спортист стои врвен тим. Врвниот спорт е наука и бара голема поддршка од семејството, стручни тренери и многу одрекувања од приватниот живот. Спортот, културата и уметноста се многу битен сегмент од нашето живеење и затоа сакам да сфати македонската јавност дека е битно да се инвестира во спорт. Пред сè, приоритет во животот треба да биде здравјето, дека спортот и физичката активност треба да бидат култура на живеење“**, изјави проф. д-р Наташа Мешковска, спортист.

На крајот од Форумот, сите панелисти се заблагодарија за поканата и заклучија дека форуми со вакви теми треба почесто да се организираат.

Меѓународен форум за женско лидерство.



# КОЛУМНА

## Пишува: проф. д-р Симе Арсеновски, професор на УТМС



Веќе неколку години и тоа забрзано светот ја живее четвртата технолошка револуција за која е карактеристична т.н. дигитална трансформација. Дигитална трансформација е процесот на промена на организацијата од традиционален пристап во нови начини на работење и размислување користејќи дигитални, социјални, мобилни и развојни технологии. Вклучува промена во раководењето, начинот на размислување, охрабрување на иновација и нови бизнис-модели, дигитализација на капацитетите и зголемена употреба на технологија со цел подобрување на искуството на вработените, купувачите, добавувачите, партнерите, сопствениците итн.

Според Клаус Шваб, творец и претседател на швајцарската организација „Ворлд економик форум", која го организира светскиот економски форум во Давос, „првата индустриска револуција ги впрегна водата и парната енергија за да го механизира производството. Втората ја користеше електричната енергија за да создаде масовно производство. Третата ја користи електрониката и информатичката технологија, за да го автоматизира производството. Четвртата револуција се одликува со спојување на технологијата што ги замаглува линиите помеѓу физичката, дигиталната и биолошката сфера".

Пошироко гледано, дигитална трансформација се однесува на промените поврзани со примената на дигиталната технологија во сите аспекти на општеството. Дигиталната трансформација може да се објасни како трета фаза на прифаќање на дигиталните технологии по дигиталната подготвеност и дигиталната писменост. Последната фаза подразбира дека користењето на дигиталната технологија само по себе овозможува нови типови иновација и креативност наспроти само зајакнување на традиционалните методи.

За разлика од третата технолошка револуција, која доведе до т.н. информатичко општество, во случајот станува збор за целосно редефинирање и воведување сосема нови концепти и парадигми во секој аспект на човековото живеење. Нивното истражување, примената и усвојувањето се предизвик на секое општество, па во тој контекст и на нашето. Притоа, интересот на компаниите е многу јасен и извесен, но и интересот на државните органи и на јавните институции е неспорен. Врз основа на тоа, јасно е дека за дигиталната трансформација на нашето општество се потребни стручњаци што ја владеат оваа проблематика, и тоа од повеќе аспекти.

Местото и улогата на универзитетите во следната фаза од нивниот развој всушност е и нивна трансформација во универзитети кои во својата дејност ќе ги имаат токму целите на дигиталната трансформација, како од научен, така од образовен и, секако, од апликативен аспект.



Проф. д-р Симе Арсеновски, професор на УТМС.



# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА

## ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Дигитизацијата, дигитализацијата и дигиталната трансформација се термини што често се користат контекстуално, но од клучно значење е да се разбере секој поим. Разбирањето на разликите помеѓу дигитизацијата и дигитализацијата е суштинско при развој на стратегија на организацијата. Ова е последица на поранешното користење на терминот дигитализација за она што сега го нарекуваме дигитизација. Дигитизацијата е процес на трансформација на информациите од физички формат во дигитална верзија. Додека дигитализацијата е практика на користење на технологијата за подобрување на корпоративните процеси. Накратко, дигитизацијата се однесува на информации, додека дигитализацијата се однесува на процеси.

## Дигитизација

Дигитизацијата и дигитализацијата се одвиваат паралелно со цел организациите дигитално да се трансформираат, што овозможува поголема агилност и подобрување на перформансите воопшто. Дигитизацијата е процес на трансформација на информации од физички формат во дигитална верзија. Дигитизирањето се однесува на чинот на трансформирање на нешто што не е дигитално во дигитално претставување, а што компјутерските системи можат да го искористат за да ги

автоматизираат операциите или работните текови. Гартнер го дефинира како: „дигитизирањето е процес на менување од аналогна во дигитална форма, познат и како дигитално овозможување. На друг начин, дигитизацијата зема аналоген процес и го менува во дигитална форма без никакви поинакви промени во самиот процес".

Целта на дигитизацијата е информациите да ги направи полесно достапни, складирани, одржувани и споделени. Преку дигитизацијата, организациите можат да ја зголемат ефикасноста на своите деловни операции и да ги автоматизираат секојдневните активности.

На пример, во дигитално претпријатие, се дигитализираат информациите со скенирање и конвертирање на хартиени документи во дигитална верзија, како што е PDF. Ова е често проследено со примена на софистицирани методи (OCR) за да им се овозможи на компјутерските системи да го препознаат контекстот на документот. Излезите на овој дигитален формат ќе бидат влезови во работниот тек, деловниот процес или корпоративен систем на претпријатието, како што е, на пример, системот за управување со документи.

## Дигитализација

Дигитализацијата по дефиниција е употреба на дигитална технологија за трансформирање на моделот на организацијата со цел да се подобрат приходите и шансите за дополнителна додадена вредност. Тоа е процес на преминување во дигитален бизнис. Дигитализирањето е процес на приспособување на старите деловни модели на новите технологии и го опфаќа потенцијалот на дигиталната технологија да прибира податоци, да идентификува модели и да овозможува ефикасни деловни одлуки. Опкружени сме со дигитализација, без разлика дали е тоа преку социјалните медиуми, уличното рекламирање или апликациите за паметни телефони. Дигиталните податоци станаа суштинска компонента на нашиот секојдневен живот.

Дигиталноста бара дигитализација на информациите. Организациите не можат да тргнат во процес на дигитализација ако немаат дигитални средства, а автоматизацијата е еден од најефикасните начини за нејзино спроведување. Една од најголемите придобивки од автоматизацијата е способноста да се автоматизираат деловните правила. Тие се клучни за непречено одвивање на секој бизнис, поставуваат цели, обезбедуваат стандарди за извршување на работата, ја следат усогласеноста и им помагаат на организациите да ги автоматизираат операциите.

Организациите низ светот ги приспособуваат своите операции за да бидат дигитално компатибилни. Многу бизниси веќе се променети или инвестираат во нови деловни модели. Примери за ова има во комуникациите, музиката, е-книги, онлај-купување и друго. Оваа промена нема да одмине ниту една област.

Бизнисите мораат постојано да се менуваат за да останат одржливи. Во сегашниот дигитализиран свет, организациите немаат друг избор за успешност без визија на движење кон дигиталната трансформација. Како резултат на дигитализацијата несомнено е дека организациите ќе работат поефикасно, со намалени трошоци и со зголемено производството. Накратко, дигитализирањето е процес на искористување на дигитизацијата и трансформирање на деловните процеси во дигитални.

Дигитализацијата ги зголемува ефикасноста и производството и ги намалува трошоците. Тоа

го подобрува, наместо да го трансформира постојниот деловен процес или процеси. Всушност, таа конвертира процес од настан управуван од човек во настан управуван од софтвер.

Еден од врвните примери на дигитализација се промените во автомобилската индустрија од автомобил со гориво во електрично возило управувано од софтвер (Tesla). Во филмската индустрија, дигитализацијата создаде сосема нови деловни модели. Еден од најпознатите примери за дигитализација е „Netflix“, компанија за дигитални медиуми на која дигитализацијата и овозможи да го изгради својот модел базиран на претплата и потоа да го интегрира преку платформи како што се интернет, „App Store“, паметни телевизори и други.

## Дигитална трансформација

Иако луѓето често го користат терминот „дигитализација“ за работи што се однесуваат и на дигиталната трансформација и на дигитализацијата, двете не се синоними. Дигиталната трансформација бара многу поширока употреба на дигитални технологии, како и промена во културата. Луѓето се „поважни“ од технологијата кога станува збор за дигитални промени што подразбираат организациски реформи насочени кон клиентите кои се поддржани од највисокиот менаџмент, водени од радикалните предизвици на корпоративната култура и од сеопфатна употреба на технологијата.

Терминот „дигитална трансформација“ се однесува на промена во деловната активност, моделот и во компетенциите со цел да се искористи новодостапната технологија. Организациите минуваат низ дигитална трансформација бидејќи прифаќаат нови и креативни деловни модели засновани на технолошкиот напредок. Тоа е процес на фундаментално менување на сè што користи дигитални технологии и што се однесува на употребата на технологијата и, можеби, културните промени за подобро или замена на она што претходно било достапно. Дигиталната трансформација може да им помогне на бизнисите да прераснат во нови области, да воведат нови добра и да привлечат нови клиенти. Исто така, се однесува на претворање на дигиталните податоци во функционални увиди и последователно трансформирање на начинот на кој се работи или се донесуваат одлуки.

Дигиталната трансформација е процес, а не еднократна активност. Таа овозможува нови деловни модели и го менува начинот на кој се водат бизнисите.

## ДИГИТАЛНИ ТЕХНОЛОГИИ

Развојот на компјутерските технологии и концепти сè повеќе ја овозможуваат и ја олеснуваат дигиталната трансформација. Некои од овие технологии, во духот на комплетната информатичка технологија, не ги решаваат проблемите на подобар начин од претходно, туку едноставно овозможуваат решавање на проблемите што претходно воопшто не биле решавани. Во продолжение ќе бидат адресирани некои од најпознатите и најкористените технологии за примена во дигиталната трансформација.

### Облак-компјутери (анг. cloud computing)

Облак-компјутери или пресметување во облак (анг. cloud computing) е технологија која овозможува достапност на компјутерски системски ресурси, особено за складирање податоци (складирање на облак) и компјутерска моќ, без директно активно

управување од страна на корисникот. Облак-компјутерот се потпира на споделување ресурси за да се постигне кохерентност и вообичаено користи модел на плаќање, кој може да помогне во намалувањето на капиталните трошоци. Застапниците на јавните и хибридните облаци тврдат дека облак-компјутерите им овозможуваат на компаниите да ги избегнат или да ги минимизираат трошоците за сопствена ИТ-инфраструктура. Поддржувачите, исто така, тврдат дека облак-компјутерот им овозможува на организациите да ги активираат своите апликации побрзо, со подобрена управливост и помалку одржување, и дека им овозможува на ИТ-тимовите побрзо да ги приспособат ресурсите за да одговорат на флуктуирачката и непредвидлива побарувачка, обезбедување скалабилна компјутерска способност: висока компјутерска моќ при одредени периоди на интензивна побарувачка. Постојат три варијанти на примена на оваа технологија: IaaS, PaaS, SaaS.

Инфраструктура како услуга ( анг. Infrastructure as a service – IaaS) е основниот модел на услуга од облак-компјутери, каде што на корисникот му се дава можност за користење (под наем) на информатичка инфраструктура (сервери, мрежна инфраструктура, главно виртуелна платформа, центар за податоци, оперативни системи). Може да покрене различна програмска поддршка, од оперативен систем до апликација, и тој одговара за одржување на софтверот.

Платформа како услуга (Platform as a service – IaaS) е услугата која се однесува на развојна околина и потребен пакет на софтверски потсистеми. PaaS е ниво над IaaS. Корисникот има контрола над апликациите и на посредничкиот слој, додека сервисот на услугата клауд се грижи за останатите технички слоеви.

Софтвер како услуга (анг. Software as a service – SaaS) на корисникот му овозможува употреба на достапни апликации кои се наоѓаат на инфраструктурата на облакот на услугата на облак-компјутерот. Апликациите се достапни преку интернет од различни уреди на корисникот. Апликациите можат да бидат бесплатни, а доколку се плаќаат, најчестиот модел е претплата, месечна или годишна. Провајдерот на услугата од облак-компјутерот има контрола над комплетната инфраструктура, додека корисникот може да дефинира права на пристап од сопствената компанија. Корисникот нема инвестиции за софтвер и хардвер, како ни услуга за одржување на инфраструктурните системи, за кои е задолжен провајдерот на услугата од облак-компјутерот.

## Интернет на нешта (анг. Internet of Things)

Интернет на нешта (анг. Internet of Things, скратено IoT) е поим што се однесува на интернет на интелигентни уреди, технологија на ефикасно поврзување на дигитален и физички свет односно поврзување на сензори и активатори од реалниот свет со интернет, или систем на механички и дигитални машини што овозможуваат податоците да се пренесуваат преку интернет. На тој начин, со овие уреди се овозможува дигитална интелигенција односно се дава можност без посредство на човек, да се користат потребни податоци и да се анализираат за различни потреби во реално време, со помош на уредите кои сами можат да ја регулираат својата работа. Денес, паметните уреди се во широка употреба - паметни телевизори, термостати, фрижидери, системи за видеонадзор со сензори, паметно осветлување и греење, чие регулирање се врши по пат на телефон или на компјутер, паметни куќи и паметни градови. IoT-технологијата при дигитална трансформација се користи во земјоделието, фабриките, сообраќајот и во други области.

## Големи податоци (анг. Big Data)

Дефиницијата за големи податоци (анг. Big Data) е збирка на податоци што содржи голема разновидност, пристигнувајќи во зголемен обем и со поголема брзина. Едноставно кажано, големите податоци се поголеми, посложени сетови на податоци, особено од нови извори на податоци. Овие збирки на податоци се толку обемни што традиционалниот софтвер за обработка на податоци едноставно не може да управува со нив. Но, овие огромни количини на податоци можат да се користат за решавање на деловните проблеми кои претходно не би можело да се решаваат.

Големите податоци значат обработка на големи количини на неструктурирани податоци со мала густина. Тие можат да бидат податоци со непозната вредност, како што се податоци од „Facebook", преноси на кликнувања на веб-страница или мобилна апликација или опрема со сензор. За некои организации, содржат десетици терабајти податоци, за други, тоа може да биде стотици петабајти. Брзината со која податоците се примаат и (можеби) се постапува со нив е важна, зашто некои паметни уреди работат во реално време или речиси во реално време и ќе бараат проценка и акција во реално време. Традиционалните типови на податоци беа структурирани и уредно се вклопуваа во релациска база на податоци. Со големите податоци, податоците доаѓаат во нови неструктурирани типови на податоци. Неструктурираните и полуструктурираните типови на податоци, како што се текст, аудио и видео, бараат дополнителна обработка за да се добие значење.

## Вештачка интелегенција (анг. Artificial intelligence)

Вештачка интелигенција (ВИ), е способност на дигитален компјутер или компјутерски контролиран робот да извршува задачи кои вообичаено се поврзуваат со интелигентни суштества. Терминот често се применува на проект за развој на системи што располагаат со интелектуални процеси карактеристични за луѓето, како што е способноста за расудување, откривање значење, генерализирање или учење од минатото искуство. Од развојот на дигиталниот компјутер во 1940-тите, се покажа дека компјутерите можат да се програмираат да извршуваат многу сложени задачи со големо знаење, како на пример, откривање докази за математички теореми или играње шах. Сепак, и покрај континуираниот напредок во брзината на компјутерската обработка и капацитетот на меморијата, сè уште нема програми што можат да одговараат на човечката флексибилност на пошироки домени или во задачи кои бараат многу секојдневно знаење. Од друга страна, некои програми ги достигнаа нивоата на перформанси на човечки експерти и професионалци во извршувањето на одредени специфични задачи, така што вештачката интелигенција во оваа ограничена смисла може да се најде во различни апликации како медицинска дијагноза, компјутерски пребарувачи и препознавање глас или ракопис.

## Машинско учење (анг. Machine learning)

Машинското учење (анг. Machine learning), во вештачката интелигенција е дисциплина која се занимава со имплементација на компјутерски софтвер кој може да учи самостојно. Експертските системи и програмите за податочно рударење се најчестите апликации за подобрување на алгоритмите преку употреба на машинско учење. Меѓу најчестите пристапи се употребата на вештачки невронски мрежи (пондерирани патеки за одлучување) и генетски алгоритми (симболи развиени и уништени од алгоритми за да се произведат последователно подобри програми).

## Наука за податоци (анг. Data science)

Наука за податоци (анг. Data science) ги комбинира математиката и статистиката, специјализираното програмирање, напредната аналитика, вештачката интелигенција (ВИ) и машинското учење со експертиза за специфична тема за да открие сознанија скриени во податоците на организацијата. Овие сознанија можат да се користат за донесување одлуки и стратешко планирање. Забрзаниот обем на извори на податоци, а потоа и податоците, направија науката за податоци да биде една од најбрзорастечките области во секоја индустрија. Организациите сѐ повеќе се потпираат на стручњаците во оваа област за да ги интерпретираат податоците и да дадат активни препораки за подобрување на деловните резултати.

Вообичаено, еден проект за наука за податоци ги поминува следните фази: внесување податоци, складирање и обработка на податоци и анализа на податоците.

Ова истражување и анализа на податоци подразбира генерирање хипотези за тестирање, утврдување на релевантноста на податоците за употреба во рамките на напорите за моделирање за предвидлива аналитика, машинско учење и/или длабоко учење. Во зависност од точноста на моделот, организациите можат да се потпрат на овие сознанија за донесување деловни одлуки. Кај нас вакви проекти главно реализираат телекомуникациските компании и банките.



## ДИГИТАЛНИ ЛУЃЕ

Тезата дека луѓето се клучни за дигитална трансформација воопшто не е нова, како и за секоја друга работа. Промените во голема мера се случија во три главни области: интеракции со клиентите, синџирот на снабдување и внатрешните операции.

Сепак, претходните истражувања покажаа дека стапката на успех за дигиталните трансформации е ниска. Причините за неуспехот на дигиталните трансформации можат да бидат различни, но, многу од овие причини можат да се сведат на само една: луѓе. Таквите трансформации честопати не успеваат затоа што повеќето организации забораваат дека овие критични иницијативи – од развивање визија и изработка на стратегија до нејзино доставување до остатокот од организацијата и нејзино извршување – прво се однесуваат на луѓето.

Во овој дел ќе бидат наведени лидери и вработени како клучни за успехот на дигиталната трансформација на секоја организација.

## Лидери

„Ако мислите за дигиталната трансформација како два збора, ние посветуваме премногу внимание на зборот дигитална и недоволно на зборот трансформација. Тоа не е технолошки предизвик, тоа е лидерски предизвик“.

Д-р Џорџ Вестерман, виш предавач, школа за менаџмент на МИТ Слоан

Дигиталната трансформација не е само прифаќање на технологијата. Станува збор за користење на технологијата за трансформирање на деловните процеси, моделите и организациската култура. Станува збор за користење на можностите на технологијата за да се замислат нови деловни модели, пазари и поефикасни начини за привлекување, ангажирање и испорака на вредност на клиентите. Ова е причината зошто организациите што се фокусираат на ставање талентирани и компетентни луѓе на клучни позиции на почетокот на нивните проекти за дигитална трансформација имаат

поголема веројатност да забележат успех.

Добрите лидери имаат јасна визија за дигиталниот пат што организацијата мора да го помине и способност да ги инспирираат вработените да работат на тоа. Кога ќе се појават тешкотии, тие можат брзо да се приспособат, но и да ја приспособат и стратегијата додека ја имаат на ум големата слика. Добрите лидери инвестираат во луѓе кои можат да ја користат технологијата за да се исполнат целите на организацијата. Тие ги штитат организациите од скапите предизвици во борбата за иновации, каде што се трошат ресурси за поттикнување на иновациите, без ефекти и конкретни резултати.

Некои истражувања покажуваат дека во просек, компаниите имаат најчесто два до пет дигитални лидери. Затоа е важно организациите јасно да ги дефинираат улогите и одговорностите на секој дигитален лидер. Сите во организацијата треба да се запознаени кој е на „возачкото седиште“ во однос на проектот за дигитална трансформација.

## Вработени

Придобивањето на вработените е од клучно значење за успехот на секој проект за трансформација, независно дали е дигитален или не. Кога организациите не успеваат да ги ангажираат вработените во предложените трансформации, тие ризикуваат активирање на она што може да се нарече „иновациски антитела“. Тие се активираат кога вработените ќе ја перципираат како закана за „статус кво“ од барањата на предложената промена и ѝ се противставуваат, намерно или потсвесно.

Ова не е единствената причина зошто придобивањето на вработените е клучно за успехот на проектот. Вклучувањето на вработените во почетокот на проектот му помага на раководството да добие увид од теренот и отвора можност за ефикасна стратегија за дигитална трансформација и изгледи за успех.

При тоа, вработените имаат и лични знаења за тоа што функционира, а што не, и можат да дадат дополнителен придонес на организацијата за потенцијални подобрувања во процесите. Стратегијата што е направена со хиерархиски пристап од горе надолу, можеби нема да ги задоволи потребите на организацијата и е изложена на поголем ризик за успешна реализација.

Вклучувањето на вработените во раните фази на трансформацијата има уште една предност. Тоа генерира чувство на лична поврзаност со неа. Комуникацијата е клучна, целиот процес се одвива транспарентно, со што потенцијална загриженост кај вработените во однос на нивниот статус и улога која ја имаат во организацијата се сведува на минимум. Дополнително, поддршка меѓу вработените може да се добие преку идентификување на застапниците за трансформација меѓу нив. Тоа се луѓе кои ја препознаваат и ја разбираат визијата и се компетентни и подготвени да бидат промотори и интегратори – вработени кои ја знаат својата работа одвнатре и можат да го интегрираат новиот дигитален начин на работа со стариот.

Обучувањето на сите вработени да ги користат сите нови дигитални технологии што се воведуваат е императив. Кога сите вработени целосно ги користат сите функционалности на новите системи и алатки, проектот е успешен и носи висок поврат на инвестицијата.

Може да се заклучи дека дигиталната трансформација е процес кој трае и не завршува, се збогатува, се забрзува со откривањето на новите технологии или ќе се создаде нова мотивираност, а се забавува кога ќе се појават критични моменти. Успехот на организацијата зависи од начинот на кој реагира на тешкотиите на кои наидува во тој процес и во прифаќањето на дигитална трансформација како клуч за успешност.

# ЕКОНОМИЈА



**Дали ќе успее Владата да наплати близу 80 милиони евра од компаниите од нивните екстра добивки? Бизнис-заедницата во недоумица откако Законот за таканаречениот солидарен данок, како што го нарече власта, заглави во Собранието. Веќе еден месец нема никакво помрднување од мртва точка во законодавниот дом. Опозицијата бараше широка дебата со сите засегнати страни во Собранието и критикуваше дека ад хок решението е донесено во „5 до 12“. За власта, пак, ова е најправично распределување на добивката и покажување солидарност во време на криза. И додека роковите за поднесување на финансиските извештаи течат, законот сè уште не е донесен. Фамозната 103. Седница никако да се закаже одново за да дадат пратениците зелено светло.**




**Драстично поскапување на основната храна ја одбележа 2022 година.**
*Извор: mia.mk*

# СОЛИДАРЕН ДАНОК – ЌЕ СЕ ПЛАЌА ИЛИ НЕ?

## ШТО САКА БИЗНИСОТ?

Бизнис-заедницата во земјава преку неколкуте стопански комори што ја претставуваат уште од стартот на кризата непрестајно ги повторува истите барања за предвидливост на деловниот амбиент. Стопанството јасно ѝ даде до знаење на Владата дека му е доста од ненадејни законски и други решенија кои удираат врз буџетот на фирмите и врз џебот на работниците. Имено, тие бараат предвидливост, но не успеваат да ја добијат со години наназад. Се залагаа за таканаречен даночен календар, за да знаат точно во текот на претходната година или барем шест месеци однапред кои нови давачки ќе се воведат или кои постојни ќе се зголемат веќе од наредната година. Тоа им е потребно за да знаат да планираат, да можат до крајот на претходната година да ги изработат плановите за наредните 12 месеци, кои вклучуваат нови инвестиции, број на кадарот, зголемување плати, надоместоци, додатоци на плата, зголемени трошоци за енергија, услуги, царини, давачки и слично.

Кога го креоше Владата буџетот за оваа, 2023 година, за волја на вистината, ги почна консултациите навреме. На иста маса министерот за финансии седна и со бизнисмените, но и со синдикатите, универзитетските професори, директорите на надлежните институции за да се договорат сите најдобро околу новата најавена даночна реформа. Се одржаа бројни состаноци, се презентираше и буџетот за следната година, но без ефектите од најавената даночна реформа. Бизнисот чекаше повеќе од еден месец за да ја презентира Владата помпезно најавената промена. Но, се чини, крупни реформи немаше, ниту враќање на прогресијата кај персоналниот данок, ниту оданочување на каматите на депозитите, ниту задолжително плаќање придонеси за хонорарците. Она што требаше да биде огромен буџетски прилив, се сведе на трошки кои Владата очекува да ги собере дополнително во државната каса. Граѓаните и експертската јавност се кренаа на нозе, незадоволни од предложените решенија. Сметаа дека бизнисот ја стави Владата под своја команда. Тие очекуваа власта поагресивно да удри врз стотиците приватни здравствени клиники, лаборатории, трговци на големо и мало, пекарници, месарници, производители на храна, супермаркети, увозници, дистрибутери, кои ја искористија економската и пандемиската криза за да ги зголемат екстремно маржите, цените и добивките на сметка на осиромашувањето на народот.

Единствено, при презентирањето на даночната реформа, првиот финансиер Фатмир Бесими некако срамежливо најави дека сепак стопанството нема да добие амнестија за ваквите потези и дека се размислува за „данок на екстрапрофитите“. Колкав процент планира да им земе на овие компании, кога и како, не беше соопштено.




Владата планира да им собере на фирмите околу 80 милиони евра

# „ГОРЧЛИВА“ ДАНОЧНА НОВОГОДИШНА ЧЕСТИТКА

Непосредно пред крајот на 2022 година, Бесими пресече – оние што заработиле врз грбот на населението или т.н. воени профитери во време на криза, ќе треба да одвојат поголем дел од профитот по основ на данок за солидарност.

Бизнисот очекувано реагираше негативно. Сите веќе ги скроиле плановите за 2023 година, па овој потег, сметаа дека и тоа како ќе им ја наруши материјалната и финансиската стабилност во тековнава година.

Компаниите од Стопанската комора веднаш алармираа бидејќи ќе се даночат сите фирми без да се согледа дали оствариле добивка поради поскапени енергенси или пак поради нови инвестиции, подобрена продуктивност или освојување нови пазари. Едноставно, тие сметаа дека во понеповолна положба се ставени оние што вложувале и чесно работеле.

„Со предложениот концепт на оданочување, кој претпоставува споредба на остварениот просек на добивките во претходните години и добивката во 2022 година, во неповолна положба се доведуваат компании кои инвестирале во претходните години, а остварувале помала добивка, во споредба со потенцијално зголемената добивка во 2022 година, која би ја оствариле како резултат на инвестиции, зголемена ефикасност во работењето и зголемена продуктивност на вработените“, велат од Стопанската комора на Македонија.



Солидарниот данок „заглави“ во Собранието.



## КОЛКУ ТРЕБА ДА СЕ ПЛАТИ?

Од данокот на солидарност, Владата очекува да собере 4,7 милијарди денари или околу 76,4 милиони евра. Овие дополнителни приходи кои ќе се слеат во буџетот, треба да бидат наменети за справување со последиците од енергетската и од кризата предизвикана од Ковид-19. Притоа, данокот на солидарност ќе треба да се плати најдоцна до 31 мај годинава. Ќе се оданочат со дополнителни 30% фирмите кои оствариле профит над 10 милиони евра, а кој бил за 20% поголем од просекот остварен во последните три години. За оној дел од добивката што нема да потпаѓа под одредбите на данокот на солидарност, компаниите ќе плаќаат данок на добивка со стапка од вообичаените 10% како и досега. Овој данок ќе се плаќа еднократно, само во 2023 година за добивката остварена во 2022 година. Пресметките покажале дека со ова законско решение се опфатени околу 200 компании кои ги исполнуваат условите да се оданочат повеќе.

„Наведените обврзници, на претходно спомената основа, ќе имаат обврска да платат данок за солидарност во 2023 година по стапка од 30 отсто. Имено, истите ќе бидат должни да ја утврдат даночната основа на образецот ДБ-ДС – Даночен биланс за оданочување со данок за солидарност, кој се доставува до Управата за јавни приходи во рок од 45 дена од истекот на рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за трговските друштва и прописите за сметководство и да го платат данокот за солидарност најдоцна до 31 мај 2023 година“, стои во Предлог-законот.

Токму оваа одредба е и проблемот за компаниите. Законот сè уште не е изгласан во Собранието, крајните рокови до кога треба да се плати бројат „ситно“, а фирмите веќе ги комплетираа финансиските извештаи и не го пресметаа овој данок во калкулациите, бидејќи тој и официјално сè уште го нема поминато филтерот во законодавниот дом.

„Компаниите веќе ги донесоа завршните сметки, акционерските друштва уште во јануари, а другите до крај на февруари. Овој издаток на компаниите не е влезен во овие сметки, што значи законски тие нема да можат да го платат овој данок. Акционерските друштва донесоа и одлуки за распределба на добивката и за дивидендата, што исто така е право кое е загарантирано со Уставот. Како ќе биде тоа решено со законот кој уште е во Собрание, не знам, но мислам дека вакви неподготвени, без јавна расправа и мислење на засегнатите законски решенија, одамна веќе сме кажале дека се лоши за бизнисите“, вели Миле Бошков од Бизнис-конфедерацијата на Македонија.

Трговците со нафтени деривати куртулија од новиот данок.





Ќе падне ли солидарниот данок на Уставен суд?

## ЗОШТО Е ИЗОСТАВЕНА ПАНДЕМИСКАТА 2020 ГОДИНА?

Во членот 6 на Предлог-законот, во кој е пропишана даночната основа за пресметување на данокот за солидарност, се вели дека основа за пресметување на данокот претставува позитивната разлика помеѓу износот на даночната основа по намалување утврдена во даночниот биланс за оданочување на добивката на АОП 49 за 2022 година, и просечниот износ на даночна основа по намалување утврден во даночните биланси за оданочување на добивка за претходните периоди зголемен за 20%. Претходни периоди се периодите од 2018, 2019 и 2021 година, се вели во Предлог-законот.

За дел од експертите и ова е спорно. Зошто во пресметката се зема просек од три години (2018, 2019 и 2021), а не и од пандемиската 2020 година?

„Од пресметката на редовната добивка на фирмите арбитрарно се исклучува 2020 година, поради што се намалува екстрадобивката на фирмите во 2022, со што се намалува и данокот кој ќе треба да се плати. Во Европската Унија не е вака, во ЕУ и 2020 е вклучена во пресметката на редовната добивка", рече економскиот аналитичар Бранимир Јовановиќ, кој со години е дел од тимот на Виенскиот институт за меѓународни економски студии.

Јовановиќ смета дека воведувањето на овој данок е добар потег, но се вовел многу доцна. Според него, не е доволно овие фирми само да се оданочат повеќе, туку требало да се спроведат механизми за да се спречат нивните астрономски добивки. Тој не верува ниту дека пресметките на Владата се точни, односно дека во државната каса по основ на овој данок ќе се слеат меѓу 70 и 80 милиони евра.

„Проценките на Министерството за финансии за дополнителни 70 милиони евра од овој данок, не се реални. Вкупните приходи од данок на добивка лани биле околу 250 милиони евра, нема шанси сега поради овој данок да се собере една третина од тие приходи. Приходите веројатно ќе бидат околу 20 милиони евра, што секако не е за фрлање, но е сепак помалку од најавените 70 милиони", вели Јовановиќ.

За многумина експерти, токму доцнењето на Владата е клучно. Едноставно, извршната власт задоцнила или намерно не сакала да удри по џебот на т.н. кризни профитери во време на пандемијата, па вакво законско решение не предвидела за 2020 година, кога здравствените установи и приватни лаборатории „го одраа" народот со прескапите тестови за Ковид-испитувања. Само за споредба, ПЦР-тест и разни лабораториски анализи, според податоците на Фондот за здравство чинеле од 3.000 до 5.500 денари на стартот на пандемијата во март 2020. Во моментов, приватните здравствени установи и лаборатории нудат ПЦР и антигенски тестови чија цена варира од 500 до 1.500 денари.

## ДАЛИ Е ПРОТИВУСТАВЕН СОЛИДАРНИОТ ДАНОК?

Според дел од експертската јавност Предлог-законот е спротивен на Уставот, прво бидејќи не е во согласност со член 52 став 4 од Уставот, кој утврдува дека законите не може да имаат ретроактивно дејство. Бидејќи солидарниот данок треба да се плаќа во 2023 година, согласно Закон кој би требало допрва да се донесе, а важи за добивка стекната во претходната година, се работи за ретроактивно оданочување. Исклучок постои само во случај кога тоа е поповолно за граѓаните. Тоа е и аргументот на Владата, кој не поминува кај дел од бизнисмените, кои ќе се обидат да го урнат ова законско решение на Уставен суд.

Предлог-законот е спротивен и на член 59 став 2 од Уставот, каде што правата стекнати врз основа на вложен капитал не може да се намалуваат со закон или со друг пропис, односно не може да се загрозува остварувањето на правото на добивка. Некои бизнисмени сметаат дека со ова доаѓа до двојно оданочување на добивката која даночниот обврзник ја остварил во 2022 година. Законот за данок на добивка утврдува дека стапката на данок на добивка е 10%.

Со предложениот Закон ќе произлезе дека добивката ќе се оданочи дополнително и ретроактивно со нова стапка од 30%.

За многумина, ова законско решение предвидува и дискриминација на компаниите. Во него е предвиден исклучок од плаќање на данокот на солидарност на компании кои имаат обврска за обезбедување јавна или универзална услуга по цени и тарифи донесени и одобрени од страна на независно регулаторно тело. Тоа значи дека ако оствариле екстремни профити, солидарен данок нема да плаќаат трговците со нафта, струја, гас, како и сите новоформирани фирми во 2022 година само затоа што Регулаторната комисија ги одредува нивите крајни цени. Сепак, сите знаат дека токму кај нафтените деривати имаше најголеми скокови во цените, некои трговци креираа вештачки недостиг на горивата на бензинските пумпи, енормно профитираа, па и тоа како влегуваат во категоријата на оние кои заработиле во време на енергетска криза и сега според мотото на Владата, треба солидарно да го поделат кризниот колач.

## ГЛОБИ ДО 20 ИЛЈАДИ ЕВРА

Во Предлог-законот се предвидени казни за сите кои нема да пријават солидарен данок до Управата за јавни приходи. Глоба од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност е предвидена за правно лице – среден трговец, како и од 3.000 до 10.000 евра за големите трговски друштва, а глоби се предвидени и за одговорните во компаниите.

Глоби се предвидени и за случаите кога нема да се плати утврдениот данок за солидарност во предвидениот рок, а најстроги глоби (до 20 илјади евра за големите трговски друштва) се предвидени доколку се наведат неточни податоци поради кои дошло до утврдување на помал износ на данок за солидарност.

Додека бизнисот упорно алармира дека солидарниот данок и тоа како ќе им ги наруши плановите и ќе ги одвлече странските инвеститори од вложување во земјава, Владата уверува дека данокот на солидарност има за цел да ја покаже и истакне општествената одговорност и несебичност токму кај бизнис-секторот. На овој начин, од финансии сметаат дека ќе се намалат колку-толку буџетскиот дефицит и јавниот долг, а парите одговорно ќе се потрошеле за справување со негативните последици од енергетската и економска криза.





# КОЛЕВ: „ВЕЛЕС ЌЕ СТАНЕ ЛИДЕР ЗА ТРАНЗИТЕН ТУРИЗАМ

Градот во кој уште во минатото се вкрстувале културите, во денешно време  е познат по вински туризам и гастрономија. Велес, кој се наоѓа во центарот на нашата земја, за туристите нуди голем број значајни вредности, како автентична архитектура, планински и езерски туризам, голем број цркви и манастири стари уште од 14 век. Овој град се наоѓа на одлична локација за одмор за гостите кои се движат кон соседна Грција, особено во летниот период. Градоначалник на Велес е Марко Колев, кој во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент вели дека градот покрај одличната местоположба, го поседува и најголемото богатство, длабоката историја, од која потекнуваат бројни историски знаменитости. Во Велес може да се види спомен куќата на Рацин, Главинов, Народниот Музеј, Куќата на Касапови и Спомен-костурницата кои нудат навистина едно поинакво доживување.

За жал, со години сето ова било запоставено и не привлекувало многу посетители. Но, ние го привлековме вниманието кон овие објекти преку организирање фестивали, настани и колонии, а дополнително и со промената на раководството се трудиме да креираме стратегија и активности за зголемување на атрактивноста. Но, проблем е недостигот од кадар што ќе се грижи за објектите, а тоа е прашање кое се провлекува години station наназад поради тоа што надлежните министерства не даваат согласност, за што искрено се надевам дека ќе ја увидат важноста и ќе го променат ставот.

# МОЈА ОПШТИНА



**Велес, градот кој е сместен во средиштето на Македонија, со богата историја, се смета за значаен во културниот туризам, град каде што може да се види автентична староградска инфраструктура. Овој град се смета дека има потенцијал за транзитен туризам, особено за оние туристи кои се движат од и кон нашиот јужен сосед Грција. Се ближи летната сезона, каде што бројот на туристи, особено од Србија ќе биде огромен. Дали имате стратегија како да ги привлечете, за време на транзитот, да направат краток или евентуално подолг одмор во вашиот град?**

Токму така, Велес со својата историја и местоположба има огромен потенцијал за културен туризам. За жал, години наназад бил запоставен во оваа смисла на зборот и наша задача е да го направиме атрактивен. Во минатата година започнавме со обновување на згаснатите културни и спортски манифестации, но и со создавање нови, кои ќе привлечат публика од другите градови во Македонија и држави. Морам да признам дека ова беше навистина одлично прифатено од јавноста. Дополнително, изработуваме стратегија и дополнителни алатки кои на среден и на долг рок ќе придонесат Велес да биде навистина пример за транзитен туризам.

**Езерото Младост е одлична можност за пауза, но нуди можност и за ручек или, пак, пикник. Колку ја користите оваа атрактивна локација за привлекување странски туристи?**

Езерото Младост само по себе веќе е туристичка атракција, за што сведочат големата посетеност и полните локали, посебно за време на викенд. Гледајќи го потенцијалот, континуирано се инвестира во подобрување на условите, на патната инфраструктура и додавање нови содржини за оплеменување на просторот, кои ќе привлечат дополнително туристи.

**Велес може да се пофали и со својата винска и гастрономска култура. Колку ги поттикнувате младите претприемачи да инвестираат и да донесат новини во овие гранки на стопанството?**

Она што Велес како Општина и јас како градоначалник можеме да придонесеме во однос на ова прашање е инвестирање за развој на Општината и функционалност на општинските услуги со цел создавање подобри услови за претприемништво. Дополнително, во овој контекст е и обновувањето на Фестивалот на велешката пита и вино „Питијада“, каде што заинтересираните претприемачи од овие дејности може да се претстават пред бројните посетители.

**Велес е градот каде што може да се види спомен-куќата на Рацин, Главинов,**



Марко Колев, градоначалник на Општина Велес.

**Народниот музеј. Колку е историјата атрактивна и колку придонесува за зголемен број посетители?**

Богатството на Велес се состои токму во многубројните историски знаменитости. Покрај наброените, тука се и Куќата на Касапови и Спомен-костурницата, кои нудат навистина едно поинакво доживување. За жал, со години сето ова било запоставено и не привлекувало многу посетители. Во изминатата година во повеќе наврати го привлековме вниманието кон овие објекти преку организирање фестивали, настани и колонии, а дополнително и со промената на раководството се трудиме да креираме стратегија и активности за зголемување на атрактивноста. Во оваа смисла, проблем е недостигот од кадар што ќе се грижи за објектите, а тоа е прашање што се провлекува години наназад поради тоа што надлежните министерства не даваат согласност. Искрено се надевам дека ќе ја увидат важноста и дека ќе го променат ставот.

**Инфраструктурата е клучна за привлекување странски туристи. Дали општинскиот буџет има доволно средства за трошење на предвидените проекти и кои се на вашата приоритетна листа?**

Подобрувањето на патната инфраструктура е еден од клучните приоритети од почетокот на мојот мандат. За оваа година Општина Велес во својот буџет има издвоено 41 милиони денари за реконструкција на улици во урбаните, руралните и во сателитски населби, а постојано ги следиме и аплицираме на повиците од државните институции. Во изминатата година реконструиравме околу дваесетина улици, оваа година веќе на неколку се во тек градежни активности или, пак, се чекаат соодветни временски услови за да се започне, така што можам слободно да кажам дека активно и посветено се работи на подобрување на инфраструктурата.

**Енергетската криза и понатаму е сериозен проблем во нашата земја. Дали успеавте да ја намалите потрошувачката на електрична енергија во институциите и во училиштата кои се под ингеренции на општината?**

Енергетската криза силно ја погоди Општина Велес. Уште од првиот ден на мојот мандат, ова беше проблем кој остави сериозни импликации и направивме сè што можевме за да го олесниме ударот. Во оваа насока преку општествено одговорна компанија, обезбедивме проекти за речиси сите училишта во градот за поставување фотоволтаични панели за производство на електрична енергија за сопствени потреби, кои ги набавивме и ги поставивме во текот на минатата година.

**Образованието е клучен столб на една држава. Но, условите во дел од училиштата се на ниско ниво, особено по малите населени места. Колку успевате да инвестирате во подобри услови во образовните институции?**

Од почетокот на мојот мандат, направени се сериозни инвестиции во повеќе училишта. Обновена фасада, реконструиран кров, реновирани тоалети и училници, заменета столарија, реконструкција на спортски сали и терени, сето тоа е само дел од реализираните проекти низ училиштата со средства обезбедени од сопствен буџет, блок-дотации или аплицирани проекти.

**Вие бевте претседател на советот на Вардарскиот плански регион, мандат кој трае една година. Во рамките на оваа организација се одржува и регионален саем за социјално претприемништво. Колку и каква помош и поддршка добиваат компаниите?**

Целта на Центарот за развој на Вардарски плански регион, меѓу другото, е и поддршка на претпријатијата и помош при презентирање на нивните услуги. Еден од начините е одржувањето на регионалниот саем за социјално претприемништво и логистичка поддршка на компаниите, каде што социјалните претпријатија имаат можност да ги претстават своите производи или услуги, да се запознаат со потенцијални партнери, соработници, клиенти и поддржувачи со цел проширување на својот пласман и обезбедување дополнителна поддршка за раст и развој на своите претпријатија.

**Загадувањето е голема грижа за секоја општина. Дали вршите инспекциски надзори за да се најдат евентуалните загадувачи на воздухот?**

Општинските служби, како и останатите инспекциски служби, редовно излегуваат на терен на увид и понатаму постапуваат согласно своите надлежности, или алармираат до соодветните институции. Дополнително, преку донација обезбедивме 10 сензори за квалитет на воздух, кои ќе придонесат за истражување на градот, мапирање и дизајнирање, креирање план и имплементирање на сензорите за генерирање податоци и споделување на наодите.

**Дивоградбите се честа слика во нашата држава. Колку и како ги поттикнувате граѓаните да ги легализираат своите објекти и домови?**

Од почетокот на мојот мандат, преку реорганизација и искористување на расположливиот човечки капитал во општината, сериозен акцент се стави на решавање на сите заостанати предмети за легализација на бесправно изградени објекти, кои со години биле запоставени. Во однос на актуелните предмети, има редовни контроли на терен со цел спречување вакви појави.

**Како градоначалник, досега неколку пати споменавте дека остварувате средби со граѓаните и на терен ги согледувате нивните проблеми. Колку успевате да најдете решение?**

Непосредната комуникација со граѓаните е од исклучителна важност за градење на општина по мерка на сите. Токму затоа, како практика воведовме отворен ден и речиси секоја среда граѓаните имаат можност да дојдат и да ги споделат своите проблеми и

предлози. Меѓутоа, и секое излегување на терен е можност за средба и за разговор. Секое прашање адресирано до мене, а кое е во надлежност на општината, е решено од страна на општинската администрација. Меѓутоа, често пати кај мене доаѓаат граѓани со барања кои не се во моја надлежност и, за жал, не можам да им помогнам.

**Маратоните и трките се повеќе од интересни за голем број граѓани. Воспоставивте Ноќна атлетска трка, која се одржуваше на 9 Ноември. Колку е оваа трка атрактивна за странски учесници и колку придонесува за развој на туризмот?**

Токму така, оваа атлетска трка беше предвидена и првично организирана во рамки на одбележување на 9 Ноември. Меѓутоа, во консултација со организаторите и луѓе од областа, одлучивме дека е подобро да се премести поради временските услови, па така од минатата година, атлетската трка се одржува во рамки на Рациновите средби и е насловена како „Трчаме за Рацин“. Интересот беше огромен, и од возрасните професионалци и рекреативци, но и од најмалите, бидејќи за нив се организираше детска трка. Минатата година, покрај учесници од Македонија, атлетската трка привлече и учесници од соседна Србија.

**Покрај атлетската трка, колку вложува општината во спортот и колку ги поттикнува граѓаните да спортуваат?**

Мојот став е дека спортот е здравје, а инвестицијата во спортот значи инвестиција во здравјето. Покрај атлетската трка, ги поддржавме и првите Велешки спортски игри, кои четири дена беа вистински спортски спектакл во Велес, со многубројни учесници што се натпреваруваа во баскет, мал фудбал, одбојка на песок и тенис. Игрите предизвикаа масовна посетеност. Ја обновивме и Вардарската регата, го поддржавме Велешкиот пливачки маратон, одржавме и повеќе турнири, поддржавме спортски клубови и поединци, но најважно, инвестиравме во реконструкција на повеќе спортски терени и детски игралишта во Општината, со најсовремени подлоги и реквизити. Оваа практика ќе продолжи и оваа година, за што веќе се почнати административни процедури или градежни активности.

Колев во својата работна канцеларија.




UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
FINANCING POSSIBILITIES OF THE LOCAL GOVERNMENT
A PANEL REGRESSION ANALYSIS OF HUMAN CAPITAL RELEVANCE IN SELECTED SCANDINAVIAN AND SE EUROPEAN COUNTRIES
EMPIRICAL ESTIMATION OF THE MULTIPLICATIVE EFFECTS OF STELL INDUSTRY IN MACEDONIA BY USING INPUT-OUTPUT MODEL
STATE INVESTMENT IN SCIENCE AND SCIENTIFIC PRODUCTIVITY OF UNIVERSITIES
CAPITAL INVESTMENTS AND FINANCIAL PROFITABILITY
EMPIRICAL ANALYSIS OF DEMAND FOR ROOF TILES: EXAMPLE OF TONDACH COMPANY
CLASSIFICATION OF TOURIST SEASON IN COSTAL TOURISM
HEALTH TOURISM AND "SMART SPECIALISATION"
ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA
THE IMPACT OF MEDICAL TOURISM ON THE QUALITY OF ORGANIZATIONAL AND FUNCTIONAL CHANGES IN THE POLISH HEALTHCARE SYSTEM
SUSTAINABLE TOURISM AND HOTEL MANAGEMENT IN MACEDONIA TROUGH THE USE OF RENEWABLE ENERGY SOURCES
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk



# ВИНСКИТЕ ПАТИШТА – НЕИСТРАЖЕНА ТУРИСТИЧКА КАТЕГОРИЈА



Винскиот туризам или како што поинаку се нарекува енотуризам, во земјава особено се развива во последниве петнаесетина години. Формирањето на Фондацијата „Тиквешки вински пат“ и тоа како го забрза промовирањето на винските региони во земјава. Македонија се најде во средиштето на винскиот пат на Балканот со голема понуда. Сепак, таа останува делумно игнорирана од домашните туристи и покрај тоа што странците и тоа како се заинтересирани за ваквиот вид туризам. Оваа посебна гранка од туризмот подразбира посета на винарии, дегустација, консумирање и набавка на вино, најчесто директно од визбата на производителот. Вклучува и посети на винарии, лозја и ресторани познати по посебни локални вина преку организирање вински тури, организација на вински фестивали, како и други придружни настани кои ја дополнуваат винската приказна, како консумирање автентична храна и храна подготвена на традиционален начин која се пробува со некој посебен вид вино, дегустација на други производи од обработка на грозје како на пример ракија, гроздов сок - шира, гроздов мед - маџун, масло од семки, слатко од грозје.



**Посетеност на манифестацијата Тиквешки гроздобер.**
*Извор: rtk.com*

# ГЛАВНИТЕ ВИНСКИ НАСТАНИ ВО МАКЕДОНИЈА – ВО ФЕВРУАРИ И НАЕСЕН

Најчесто настаните поврзани со винската традиција во земјава се одржуваат во февруари или поточно на Денот на лозарите и винарите, Свети Трифун, кога вообичаено се закројува првата винова лоза во годината. Другите настани, пак, се наесен, а се поклопуваат со гроздоберот. Така, во Македонија, еден од најинтересните вински настани е Тиквешкиот гроздобер, манифестација која секоја година се одржува во септември. Подразбира славење на бербата на грозјето, проследена со традиционален начин на газење на грозјето, како и други придружни активности: натпревар на коктели со вино, трка на келнери, организирање традиционални вечери, музички настани, карневал, маскенбал, изложба на олдтајмери и слично.

Како што претходно посочивме, оваа зима настаните поврзани со виното се случуваа во февруари. Тоа како да ги разбуди заспаните туристички агенции дека токму винската понуда на домашен терен може да биде интересна за македонските туристи. Ако нудеа претходно тури за манастирите во Србија и во Бугарија или, пак, капење во грчко Лутраки, на пример, наеднаш викенд и еднодневните тури драстично почнаа да се менуваат во февруари и во март за посета токму на Тиквешкиот вински пат. Интересот беше огромен. Билетите за еднодневно винско уживање низ винските музеи и винарници во Тиквешијата со лиценциран туристички водич кој може да објасни сè за традицијата и производството на вино на овие простори, беа распродадени речиси веднаш. Дел од претставниците на туристичките агенции, меѓу редови, признаваат дека го потцениле македонскиот турист, кој „гладен“ за нови авантури, почесто се упатува во соседните држави, каде што и троши повеќе пари, отколку да се обиде да посети нешто дома, во татковината, која има и тоа што многу да понуди. Најчеста рута на која се упатуваат посетителите е Кралската винарија „Кралица Марија“, винарија „Попова кула“, црквата „Свети Ѓорги“ во Неготино, винарницата „Лазар“, музеите за вино во Демир Капија и Кавадарци итн.

**Традиционално газење грозје на Тиквешки гроздобер.**
*Извор: rtk.com*





Тиквешки вински пат.





## ВИНСКИ РЕГИОНИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во Македонија постои еден лозарски  регион, кој може да се подели во три региони:

- Вардарска Долина, односно Централниот Регион (поранешен повардарски лозарски реон), кој опфаќа околу 83% од вкупното производство,

- Западниот Регион (поранешен Пелагониско-полошкиот лозарски реон), кој опфаќа 13% од производството, и

- Источниот Регион (поранешен пчињско-осоговски лозарски реон), кој опфаќа околу 4% од вкупното производство.

Трите региони се поделени во 16 виногорја, кои се карактеризираат со различни услови за производство и различен интензитет на производство. Најголемото производство на грозје и вино очекувано е во Тиквешкиот Регион. Тиквешијата ги опфаќа општините Кавадарци, Неготино и Демир Капија, како и делови од општините Прилеп и Велес. Климатските услови во регионот се мошне поволни и се идеални за одгледување различни сорти грозје. Главни сорти што се одгледуваат во регионот се црвените вранец, мерлот, каберне совињон, пинот ноар, кадарка, белите шардоне, белан, мускат, ризлинг, совињон бланк, семилон, смедеревка, 'ркацетели, мускат отонел, темјаника, жилавка и розе станушина.

## Виното – дел од историјата на Македонија

Историјата на Македонија отсекогаш била тесно поврзана со производството на вино. На денешната територија уште од античко доба се произведувал овој напиток од грозјето од лозовите насади. Археолошките наоди покажуваат дека вино со екстра квалитет од највисока класа во Македонија се произведувало уште во 13. век пред нашата ера. Златни амфори и кратери (садови за транспортирање и консумирање вино) се пронајдени на локалитетот некропола во Требениште крај Охрид. Бронзената статуетка Менада, најдена во Тетово, датира од 6. век пред наша ера. Менадите биле придружнички на богот на виното Дионис и за време на прославите во негова чест ги служеле присутните. Виното на овие простори било меѓу омилените пијалаци на античките кралеви Филип Втори и неговиот син Александар Велики. Подоцна, римската провинција Македонија станува еден од најважните центри за производство на вино во Римската Империја. Континуитетот трае со векови. Во поранешна Југославија, производството од Македонија учествувало со дури 60% во вкупното производство на вино во тогашната држава. Последниве години, со околу 24,000 хектари лозови насади и производство од преку 100 милиони литри годишно, Македонија е 25. најголем светски производител на вино, што е врвно достигнување.



# КРАЛСКА ВИНАРИЈА „КРАЛИЦА МАРИЈА“

Во земјава, 30-тина винарии нудат можност за дегустација на вино, нудат угостителски услуги како сместување и храна, но и дополнителни услуги како разгледување, прошетка, конференциски капацитети и слично. Најголем дел од нив се лоцирани во централниот вински регион. Во студијата за вински туризам на Македонија стои дека во централниот регион, кој е најпрепознатлив по производство на вино, најголемиот дел од винарниците или 21 од нив располагаат со ресторански капацитети (со исклучок на 3 винарници), сместување нудат само 7 винарии, а со конференциски капацитети располагаат 16 винарии. Во иднина, може да се очекува, винариите од Централниот Регион да ги зголемат сместувачките капацитети согласно зголемената побарувачка за вински туризам, како и да воведат дополнителни услуги како конференциски сали во кои би се организирале различни настани.

Една од винариите која вклучува целосна понуда е Кралската винарија „Кралица Марија“ лоцирана во Демир Капија. Визијата за отворање на винарија за потребите на кралството потекнува од самиот српски крал Александар Караѓорѓевиќ, кој по сугестија на експерти од Франција и од Австрија, одлучил да изгради винарска визба и плантажи со винова лоза токму во Демир Капија, како гратче кое било во центарот на Балканот на самата крстосница на најважните патишта и со исклучително поволна клима и почвени услови за одгледување винова лоза. Кралот во 1928 година го откупил од турските бегови Усни-бег и Мемед-бег земјиштето со површина од 2700 хектари. Главен иницијатор за тоа на оваа локација освен винарија да никне и кралска вила, била токму кралицата Марија. Кралскиот имот бил пуштен во употреба во 1931 година. Капацитетот на визбата бил 150.000 литри вино, за чие производство се користеле четири стаклени базени проектирани во Австрија, во кои грозјето ферментирало. Директно од Србија биле донесени дрвените бочви со капацитет од 4.000 до 6.000 литри вино, кои со синџири биле спуштени во подрумот преку отворот. Оттогаш до денес бочвите не се поместувани. Денеска во дворот на винарската визба може да се видат изложени стари машини, буриња, а низ дворот  шетаат и пауни. Винарската визба располага со сопствен ресторан, вински бар, соба за дегустација и со сместувачки капацитети. Дрвениот ентериер и уникатниот кралски стил преовладува во просторот. Сопствениците нудат и три вида тури (околу имотот, винска тура и приватна тура) за 8 и повеќе посетители.



**Винарија Кралица Марија**
*Извор: facebook*

# ВИНАРИЈА „ПОПОВА КУЛА“

Во прекрасно опкружување и фантастичен поглед, винарницата „Попова Кула“ доминира во недопрениот амбиент на јужната падина на Велико Брдо недалеку од Демир Капија. Комплексот опфаќа винарија, стилизиран хотел со 33 соби (секоја именувана според разни сорти на вина и декорирана во склад со боите и нијансите на виното), ресторан со прекрасна тераса и летен отворен дел, детско игралиште и широк двор, автокамп и продавница за вино и подароци. Ова е едно од најубавите места за организирање различни настани како што се свадби на отворено, забави, тим-билдинг, семинари и конгреси.

Инаку историјата на винаријата стартува со нејзината изградба во 2004 година, но дури 5 години подоцна, односно во 2009 година бил завршен првиот објект со 11 соби и ресторан за примање посетители. Името на винаријата е историско наследство на регионот. Винаријата го добила токму овој назив според една значајна кула, Попова Кула, која некогаш служела како важна контролна точка на стариот Римски пат што поминувал во близина на денешната локација. Попова Кула била значајно обележје во регионот, но за жал била уништена.  Сепак самиот локалитет се вика Попова Кула  што било инспирација за изгледот на градбата, но и за името на винарската визба.

Винаријата произведува 20 различни видови вино од 11 различни сорти на грозје. Со помош на професионален дегустатор на вино, можете да направите избор за вашата винска дегустација. Типичната дегустација вклучува 5 различни типови вино со соодветно сирење, пршути и десерт, а дел од понудата е и гастрономска винска дегустација од 5 различни типови вино со компатибилен целосен оброк. Во Попова Кула, посетителите можат да пробаат вино произведено од автохтони македонски и регионални сорти на грозје, како што се: станушина, вранец, темјаника, жилавка и прокупец. Како ексклузивна понуда има и специјални вина кои не може да се најдат во продажба на пазарот.

Интересно е што во склоп на комплексот има места за автокампери. Широкиот паркинг пред и зад комплексот им овозможува на патниците да ги паркираат своите трејлери и да преноќуваат комфорно и безбедно.

Преубавиот ресторан и хотел, како и големиот и широк двор често се локација каде што се одржуваат разни свечености како свадби, веридби, крштевки и слично.

Инаку, Попова Кула е првата винарија во Македонија која понудила целосен туристички пакет, сместување, ресторан, дегустации и слично.

**Винарија Попова кула.**
*Извор: facebook Popova Kula*



## Сместување во буриња во Барово

Еден од поновите и иновативни туристички проекти – сместувачки капацитети во буриња, се реализираше пред околу две години. Винарницата „Тиквеш“ преку проектот „Развој на еногастро туризам – искуси ја Македонија“ во рамки на Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК), финансиран од Европската Унија и администриран преку Светската Банка, со владина поддршка успеа да реализира неколку уникатни идеи за развој на руралниот, еко и на агротуризмот. Активностите вклучуваа реконструкција на постојана винска продавница во Кавадарци со вкупна површина од 220 м2, реконструкција и подобрување на постојаниот објект за складирање и дегустација на вина во с. Лепово и с. Барово, инсталација и приспособување на 14 постојни вински буриња за сместување во с. Барово, организирање велосипедски тури во Барово, поставување информативни табли и друго.

Токму сместувањето во буриња стари 40 години сред „Недојдија“ југозападно од Демир Капија во село Барово, кое брои едвај неколку жители, им стана најпривлечно на туристите. Иновативната идеја и необичниот начин на сместување на посетителите особено ги заинтересира фирмите што организираат активности за зајакнување на своите тимови, но и активните туристи како планинарите, дигиталните номади, велосипедистите, односно сите оние кои сакаат да престојуваат во необичен амбиент далеку од цивилизацијата.

„Целта ни е да создадеме иновативни содржини за развој на винскиот туризам и збогатување на понудата преку дополнителни активности, како што се велосипедските патеки низ лозјата во Барово. Од големо значење е финансиската поддршка што ја добивме од Проектот за локална и регионална конкурентност и искрено се надеваме дека успехот на овој проект ќе биде вистинско сведоштво за потенцијалот на оваа нова приказна што од денес почнуваме да ја раскажуваме“, рече Тихомир Касапинов, проектен менаџер на „Тиквеш вински туризам“ на отворањето на капацитетот пред две години.

Винскиот камп во Барово „мириса“ на авантура. Ова е вистинска викенд-дестинација за сите кои сакаат да бидат во допир со природата, во уникатни сместувачки капацитети, да стекнат нови познаници во руралниот предел, да уживаат во врвни вина и да се занимаваат со спортски активности. Во бурињата освен што се преноќува, се сместени и туш-кабините и соблекувалните.

Туристите можат да го истражуваат пределот со велосипед. Постојат три добро обележани велосипедски патеки: кон Демир Капија, Кожуф и кон блиските бачила.

Освен овие три локации, Тиквешкиот Регион изобилува со мали семејни винарници кои нудат уникатно гастрономско и сместувачко искуство. Меѓу нив, можете да ги посетите винарницата „Лазар“ лоцирана непосредно спроти античкиот град Стоби од другата страна на автопатот „Пријателство“. Таа располага со реновирани апартмани, ресторан со капацитет од 50-ина гости, како и летна тераса. Интересен за посета е и винскиот подрум „Попови“ лоциран во срцето на Кавадарци. Малата семејна винарница „ниже“ награди низ светот и покрај тоа што постои релативно кратко време, едвај 5 години. Во адаптирана и реновирана куќа во Кавадарци посетителите имаат увид во винскиот подрум преку стаклен под од приземното ниво, но можат и одблиску да се запознаат со сите „марифети“ во правењето вино или пак да уживаат во вината во салата за дегустации.

**Уникатно сместување во буриња во Барово.**
*Извор: кајак.мк*



# ДУРБИН
# ВЕСТИ ОД СВЕТОТ



## ЗАМРЗНАТ ЦЕЛИОТ ИМОТ НА ФОЛКСВАГЕН ВО РУСИЈА

Рускиот суд го замрзна целиот имот на автомобилската фабрика Фолксваген во Русија, пренесува Ројтерс, според документите кои ги имаат на увид.

Инаку, оваа компанија е една од многуте странски производители на автомобили што ја прекинаа работата во Русија откако западните земји воведоа санкции поради војната во Украина.

Рускиот производител на автомобили ГАЗ, кој склучи договор за производство на возила фолксваген во фабриката во Нижни Новоград, го тужеше германскиот производител на автомобили за прекршување на договорот, по раскинувањето од страна на Фолксваген во август минатата година.




**Рускиот суд го замрзна имотот на Фолксваген.**
*Извор: SITA/AP, Volkswagen*



Работниците во Јужна Кореја ќе работат по речиси 14 часа дневно.
*Извор: nomago.hr*

## РАБОТНАТА НЕДЕЛА ВО ЈУЖНА КОРЕЈА ЌЕ ТРАЕ 69 ЧАСА

Јужна Кореја наместо да ги намали, одлучи дополнително да ги зголеми работните часови во текот на една недела. Работниците во оваа земја со новата одлука ќе работат речиси по 14 часа дневно. Со последната одлука, работниот ден на вработените во Јужна Кореја трае нешто повеќе од 10 часа, или 52 часа неделно. Помладата генерација се бунтува против ваквата одлука, па властите одлучија да се направат дополнителни анализи за да се преиспитаат последиците од зголемените работни часови.

Инаку со долги работни часови освен работниците во оваа економски моќна држава, се соочуваат и тие од Мексико, Костарика и од Чиле. Според некои истражувања, тоа е и причина за зголемена смртност кај населението.

Инаку, Јужна Кореја ваквата одлука ја донесе под притисок на бизнис-заедницата, која смета дека со тоа ќе се зголеми продуктивноста.

Подигнувањето на границата се сметаше за начин да се реши недостигот од работна сила со кој се соочува земјата поради намалената стапка на наталитет, која е најниска во светот, како и поради стареењето на населението.

Сегашниот закон ја ограничува работната недела на 40 часа плус до 12 часа платена прекувремена работа, иако во реалноста, велат критичарите, многу работници се под притисок да работат подолго време.

## СВЕТСКИТЕ БАНКИ НА РАБ НА ЕГЗИСТЕНЦИЈА

Банкарскиот сектор е на стаклени нозе. Пропаднаа неколку банки, а нивните акции флуктуираат. Во надолна линија се и акциите на Дојче банк поради погрешна проценка на инвеститорите за зголемени ризици за неисполнување на обврските.

Експертската јавност укажа на агресивното зголемување на каматните стапки на федералните резерви во изминатата година, но централните банки и останатите низ светот дополнително ги зголемија стапките под притисокот да ја балансираат инфлацијата и да го стабилизираат банкарскиот сектор.

Светски познатите експерти искажаа свое видување за моменталната состојба во банкарскиот сектор.




Банките на стаклени нозе
*Извор: wallstreatmojo.com*

## Џером Пауел

По објавувањето на зголемувањето на каматните стапки од 25 базични поени, шефот на ФЕД рече дека сите заштеди се безбедни, додавајќи дека банкарскиот систем на САД е „силен и отпорен“ во здрави банки и не ја загрозува способноста на банкарскиот систем како целина да ја игра својата витална улога во поддршката на заштедите и на кредитните потреби на населението и на бизнисите.

## Нуриел Рубини

Во интервју за подкастот „Проактивно размислување“ на Глобалниот институт МекКинзи, Рубини, кој ја предвиде рецесијата во 2008 година, рече дека не се исклучува друга финансиска криза.

„Тоа е како Бермудскиот триаголник. Ги погодивте вашите приходи, вредноста на вашите средства, а потоа и товарот за финансирање на вашите обврски. И тогаш ќе завршите во неволја ако сте високо задолжено домаќинство или деловна фирма. И кога многу од нив ги имаат овие проблеми, тогаш имате системска должничка криза на домаќинствата како во 2008 година“.

## Илон Маск

Милијардерот-сопственик на Тесла и шеф на Твитер гледа опасност за американската економија ако ФЕД не ја контролира кризата меѓу регионалните банки. Претходно оваа недела, финансискиот блог „Zero Hedge“ објави на Твитер дека помалите банкарски неуспеси може да доведат до нова голема депресија. „Ова е сериозен ризик“, напиша Маск на Твитер како одговор. Во посебен твит, тој рече дека „FDIC“ треба да обезбеди неограничено покривање на депозитите за да го запре банкарското работење.

## Карсон Блок

„Овие ризици им беа веднаш пред очите на Одборот на гувернери на федералните резерви и членовите на комитетот FOMC“, рече основачот на „Истражување Меди Вотерс“ за „Bloomberg“. „Мислам, ова не беше нешто тешко да се предвиди“.

## Лиз Ен Сондерс

Главниот инвестициски стратег на Чарлс Шваб предупреди дека банкарската криза може да ја доведе економијата во рецесија. „ФЕД има прилично тесен простор за маневар во обидот да воспостави рамнотежа помеѓу заканите поврзани со банкарската криза и потребата за борба против сè уште високата инфлација“, напиша Саундерс во белешката.

„Иако Пауел рече дека останува патот до меко приземјување, ние веруваме дека она што го нарекувавме подвижна рецесија е поверојатно да се претвори во поформална рецесија“, напиша Саундерс.

**Експертите предупредуваат за нова финансиска криза.**
*Извор: Commercial Banks and the Limitations*





УТМС испрати хуманитарен конвој во Турција за настрадите од земјотресот.

# УТМС ОБЕЗБЕДИ ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО ТУРЦИЈА

Хуманитарен конвој на Универзитетот Скопје беше во Истанбул, Турција. Во соработка и координација со Амбасадата на Република Турција, хуманитарната помош ѝ беше предадена на Агенцијата за управување со кризи за помош на преживеаните од катастрофалниот земјотрес во кој загинаа околу повеќе од 40.000 луѓе.

Конвојот на УТМС, високообразовна и општествено одговорна установа, беше на иницијатива на ректорот проф. д-р Аце Миленковски. Токму затоа дел од вработените од Универзитетот, а во име на целиот колектив и во име на студентите на УТМС, ја испорача лично хуманитарната помош што ја обезбеди Универзитетот за настраданите во земјотресот, а која се состоеше од храна, пијалаци и ќебиња со вредност од над 1,5 милиони денари.

Писмо на жалење за катастрофата што ја погоди Турција упати и ректорот Миленковски веднаш по несреќните настани на 6 февруари годинава.

„Нашиот народ стои рамо до рамо со турскиот народ. Спремни сме да помогнеме на секаков начин, како Универзитет, но пред сè како луѓе“, истакна ректорот Миленковски во своето јавно писмо упатено до турскиот народ на денот на катастрофата.

Колективот на УТМС ѝ посакува брзо закрепнување на турската нација, изразувајќи надеж дека ваква катастрофа никогаш повеќе нема никому да се случи!

УТМС испрати хуманитарен конвој во Турција за настрадите од земјотресот.



# ТУРИЗАМ



Хотелиерството на колена. Менаџерите бараат спас од државата и од институциите бидејќи ги чека, како што велат, немилосрдно сценарио. Големи инвестиции во овој сектор, кои ако пропаднат, нема да биде крах само за вработените и за менаџментот туку и за целата македонска економија. На оваа гранка, поради кризата предизвикана од Ковидот, а сега и со економската и со енергетската неизвесна ситуација, ѝ се случија „тектонски“ поместувања. Се бараат конкретни мерки кои ќе им помогнат на хотелиерите да остваруваат повторно достоинствена заработувачка.

Како да ја врати овој сектор финансиската состојба како во периодот пред пандемијата, одговори побаравме од м-р Владанка Давковска, експерт во областа на хотелиерството. Нејзиното долгогодишно искуство како директор на повеќето поголеми хотели во Скопје, денеска студентите можат да го користат преку предавањата на Универзитетот Скопје.



М-р Владанка Давковска, експерт во областа на хотелиерството.



# ЌЕ ЗАЗДРАВИ ЛИ ХОТЕЛИЕРСТВОТО ОД КРИЗИТЕ ШТО ГО ЗАТЕКНАА?

**Во време на најголемата криза, како можат да придонесат самите менаџери во зголемувањето на продажбата на хотелските услуги и каде грешат надлежните во спроведување на мерките за овој сектор?**

Продажбата на хотелските капацитети, менаџерите секогаш мора да ја проектираат на долг рок, иако среднорочните планови во туризмот се неизвесни поради неговата висока ранливост од неочекувани промени (прв останува нефункционален, последен закрепнува), па сепак, силната експанзија на хотелската индустрија во светот, во

последните 2 децении, се должи исклучиво на национални стратегии и долгорочно стратешко планирање. Најблизок пример за тоа е Турција.

Кризата со пандемијата, но и економската и енергетската криза, кои само се надоврзаа, покажаа колку е тоа неопходно, особено во туризмот.

Спецификите на туризмот треба да се познаваат и да се применуваат како навигатори во конципирање на туристичкиот развој, на национално и на компаниско ниво.

Современите туристи ги одликува истражувачки дух. Тие се трагачи по автентични предели и дестинации, чиста природа, атракции, културни вредности, историски сведоштва, избор на хотелот и на неговата локација, достапност, окружувањето, екстериерот и внатрешниот комфор, хотелската понуда и нејзините содржини, цената за вредност, комуникација.

Хотелите се локална или надворешна инвестиција, а туристите според своите мотиви, потреби и желби, сите се на иста страна. Тие се идентификуваат како глобални потрошувачи, на кои треба целосно и секогаш да им се задоволат потребите и очекувањата. Клучен елемент на успешна продажба на хотелскиот производ е гостите повторно да се вратат во хотелот/дестинацијата.

Сепак, можеби најдобриот одговор на секогаш најважното прашање, како до најдобра продажба на хотелските капацитети е во важноста и во примената на деловното начело: секој, секогаш и како што треба, професионално и одговорно да ја врши и да ја извршува, својата работа. Тука мислам на синхронизирано дејствување, согласно ингеренциите, од сите чинители во туризмот: менаџментот и вработените во хотелските компании, институциите на власта, разните асоцијации и организации и Владата, пред сѐ. Потребно, од страна на државата, е реално препознавање на економскиот потенцијал на туризмот како стопанска гранка и неговото мултипликативно влијание врз стопанството на земјата. Согласно, би требало да тргне во еден целосно нов административно-правен концепт за институционално организирање на дејноста, со формирање на Министерство за туризам како прв чекор и носење национална стратегија за туризам на Македонија. Конзистентната и долгорочна политика за развој на туризмот ќе обезбедува стабилен развој и системски ќе ги амортизира ефектите од евентуални неизбежни кризни појави, вели Давковска.

Но, останува проблемот и со кадар во овој сектор. Бројот вработени, особено сезонски, од година во година станува се помал. Македонците, особено во летниот период, заминуваат во странски земји, најмногу поради повисоките плати. Хрватска, Словенија и Црна Гора уште од февруари ги пуштија огласите за вработување. Се нуди просечна плата од 1.200 евра.

„Дали сте подготвени за нов предизвик? Ве покануваме да ни се придружите во преубавата Хрватска", се вели во еден оглас објавен во Хрватските електронски медиуми.

Друг оглас објавен во Словенија повикува: „Предност имаат работници со ЕУ-пасош, но може да аплицираат и кандидати со македонски пасош (посредувавме за сезонска работна виза). Плата од 1200 до 2000 евра месечно, во зависност од позицијата".

Во најголем дел се бараат келнери, бармени, хигиеничарки, готвачи – кадар кој е дефицитарен и во земјава. Кај нас, доколку отворите пребарувач за огласи за работа, ќе забележите дека најголем број од огласите се за ресторанскиот или/и за хотелскиот сектор.

Сепак, упатените во оваа област сметаат дека проблемот настанува од системското решение, кое дозволува необврзувачки

пријави и откази. Тука, според Давковска, е првиот проблем што настанува за задржување на вработените

### Како да ги задржи менаџментот своите вработени?

Во нашата практика, во поново време, на планот на кадровско екипирање, особено според навидум пропулзивни кадровски решенија, пријави и одјави се прават, најчесто, на обострана штета. Тоа доведе до толку големата флуктуација, а таа задолжително повлекува зголемување на трошоците на работењето и пад на квалитетот на услугите.

Поентата не е како менаџерите да ги задржат своите вработени, поентата е во потребата од друг вид конзистентна кадровска политика и програма. Поентата е во решението, што треба да направат работодавачите, за да не сакаат вработените да си одат од компанијата, од хотелот, од ресторанот, или ако мораат од некоја лична причина да си заминат, со тешко срце да си одат. Довербата е пред сѐ, но таа не се нарачува, не се продава, туку заемно се гради и се стекнува.

Решението за добро кадровско екипирање, а понатаму и за тимска работа, е во потребата од нов концепт, со поинаква деловна филозофија. Кадровските проблеми да се заменат со политики на човечки ресурси. Тоа е континуиран процес на градење, наградување, заемна почит и на долги патеки успешно чекорење, лојалност и прогрес. Што поскоро до вистинските решенија, тоа подобро и постабилно. И во овој сегмент е потребна деловна стратегија.



Дафинка Муцунска, генерален менаџер на Хотел Манастир, Берово.

Инаку, уште пред најмалку осум години, Хрватска јавно објавуваше дека за време на туристичката сезона, на јадранскиот брег има недостиг од 20.000 туристички работници, но тоа никој не го регистрираше како закана која ќе ни затропа на врата, објаснува Давковска.

Дафинка Муцунска, која е веќе 19 години генерален менаџер на Хотел Манастир, Берово, вели дека ова време е најтешкото за хотелиерството. Колку помага државата во промоција на земјата, толку растат бројките на странски и на домашни туристи. Но, туризмот е на најниско ниво досега, вели Муцунска.

Таа објаснува дека хотелиерството е макотрпна работа. Бизнисот работи 24/7, а истото важи и за оние вклучени во топ менаџментот. За секој кој ќе влезе во овој сектор, нема пауза, бидејќи, според неа, хотелиерството не е деловен ангажман, туку е начин на живот.

**Колку е доволна промоцијата која се прави за привлекување странски туристи, кои се од голема важност за хотелите?**

„Ни оддалеку не е доволна", вели Муцунска, „дискутабилно е и таргетирањето на пазарите за кои туристичките производи со кои моментално располагаме се атрактивни, а згора, кога ќе ги надоврзете и сите предизвици со кои се соочуваме, доаѓате до навистина сложен ребус. Маркетингот и промоцијата се основна алатка за продажба и секогаш се во основата на успешниот исход".

Муцунска додава дека секое интерно вложување во хотелските содржини е многу ризична инвестиција поради нискиот стандард на домашниот турист, исто така сериозен проблем е немањето добра патна инфраструктура, многу ниското вложување во постојните, а и несоздавањето нови природни, културни и забавни туристички атракции. Сето ова ги одвраќа назад и домашните, а уште повеќе странските туристи.

**Колку е тешко да се биде менаџер на хотел во овој момент во Македонија?**

„Исклучително тешко. Лично сум во браншата цел мој живот, а на оваа позиција во Хотел Манастир од 2004. Никогаш не било потешко и никогаш предизвиците не биле толку големи и застрашувачки, а негативните промени што се случуваат во последните години, ни зададоа огромни удари. Она на кое се темелеше нашата моќ, искуството, во оваа состојба не може да ни помогне многу. Спецификата на микс од финансиска криза и криза на хуман идентитет и поттик, на целите човечки ресурси, направи неверојатен безизлез, дури и на оние кои се карактеризираат со силна интуиција, емпатија и иновативност, многу голем товар носат, бидејќи бизнисот е тимска игра, особено во индустрија каде што сите процеси зависат директно од човечкиот фактор", вели Муцунска.

Но, експертите ги советуваат менаџерите дека домашните гости се секогаш многу важни за секој хотел, за секоја дестинација. На домашните гости треба да се гледа уште и како на најважен потенцијал за растегнување на туристичката сезона и за целогодишна анимација, што е од стратешко значење. Треба да им се даде поголема почит на нивните потреби, бидејќи нивните забелешки се бесплатни, а тие го унапредуваат процесот и ги „пополнуваат дупките" во продажбата. Ова особено што учеството на остварените ноќевања од домашни гости во вкупниот број ноќевања е високо и се движи над 50% на годишно ниво.

Давковска, понатаму, ги поттикнува македонските менаџери да вложат повеќе во културно-забавните и во рекреативните содржини за анимација на гостите. Со оваа инвестиција таа смета дека гостите повеќе ќе трошат, а хотелите ќе најдат уште еден извор на поголема заработувачка.

ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/




Жените во дипломатијата на Меѓународниот форум за женско лидерство.

# ЖЕНИТЕ ВО ДИПЛОМАТИЈАТА МОЖАТ ДА ПОМЕСТАТ ГРАНИЦИ

**Улогата на жените во меѓународната политика е незаменлива, бидејќи жените на раководни функции можат да дадат еден многу посебен и личен печат во преговарачките процеси или, пак, кога станува збора за менаџирање со кризи. Затоа е важно улогата на жената во дипломатијата да се јакне, беше заклучено на панелот посветен на жените во јавната дипломатија во рамки на Форумот за женско лидерство „Жените пишуваат историја“, кој се одржа на Универзитетот Скопје.**

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД



## ЏЕИН: ИМ БЛАГОДАРАМ НА СИТЕ ЖЕНИ КОИ СЕ БОРЕЛЕ ЗА СВОИТЕ ПРАВА, НО И НА МАЖИТЕ КОИ ГО НАПРАВИЛЕ ПРВИОТ ЧЕКОР БЕЗ ДА СЕ ГРИЖАТ ШТО МИСЛАТ ДРУГИТЕ

Една од клучните теми на која се осврна амбасадорката на Шведска во Македонија, Ами Ларсон Џеин е правилната распределба на правата, застапеноста и ресурсите помеѓу мажите и жените.

„Во мојата работа едни од клучните теми се зелената транзиција, климатските промени, мирот и безбедноста, демократијата и човековите права. Ние повеќе сакаме да зборуваме за родова еднаквост отколку за права на жените. Секогаш во нашата работа се трудиме да направиме фундаментални анализи за потребите на нашето општество, за тоа што сметаме дека е правилно за нашето општество, и тоа исто така го имплементираме во нашата дипломатија. Една работа која секогаш се обидуваме да ја направиме е да размислуваме од аспект на права, застапеност и ресурси. Лесно е да се употребуваат како филтер кога ќе ги погледнеме сите општествени аспекти, странски и домашни.

Да се увериме дека правата, застапеноста и ресурсите се правилно распределени, подеднакво помеѓу мажите и жените. Во нашата култура, на 8 Март не се во фокусот убавината и розите, иако тоа е убаво, туку е ден да се потсетиме дека постигнавме многу, но сè уште не сме готови. Всушност, има уште многу да се работи“, рече амбасадорката Џеин, која потенцираше дека како сопруга и мајка на три деца, во својата професионална кариера се соочила со многу предизвици.

Зборувајќи за својата родна Шведска, Џеин се осврна на женското движење кое во 1968 година започна своевидна борба, не само за демократска застапеност, но исто така и за економско зајакнување и за сексуалните и репродуктивни права на жените.

„Во тоа време, замислете, жените не добивале лек против болки за време на породувањето. Но, исто така се залагале за споделено родителско отсуство помеѓу




Н.Е. Ами Ларсон Цеин, амбасадор на Шведска во Македонија.

мајката и таткото, за квалитетно и достапно згрижување на децата. Во тоа време дошле до важно сознание дека жените се важни за економијата, имало образовани и вешти жени кои работеле, но штом ќе станеле мајки, ги снемувало од пазарот на труд. Тоа не е добро за економијата. Сакате сите тие добри работници да бидат продуктивни и да придонесат за економијата и растот на државата. Затоа, да се добие достапна и квалитетна грижа за децата било многу важно. Тоа беше важен чекор кон добивање на родителското отсуство. Но и за тоа беше потребно време. Кога се родив јас, Законот за споделено родителско отсуство беше нов, воведен пред една година. Мојот татко тогаш одлучи дека ќе земе половина од родителското отсуство, беа седум месеци и тоа ги подели подеднакво со мојата мајка која беше истакната новинарка во шведски дневен весник. Луѓето беа изненадени, ја преиспитуваа нејзината одлука, но и неговата исто така. Но, татко ми е човек кому не му е грижа што мислат другите и тој го стори тоа што сметаше дека е најдобро. Во последниве неколку години, моите зетови станаа татковци и земаа половина од родителското отсуство без притоа да добијат критика или пофалба. Мене тоа ми е показател дека културата се променила. Тоа е сега нормално и така треба да биде“, рече амбасадорот на Шведска во Македонија, Ами Ларсон Цеин.

Според неа, иако за некои работи навистина е потребно време, сепак нештата се менуваат на подобро. Таа им се заблагодари на своите претходници во дипломатијата кои го отворија патот за жените-амбасадори, но исто така изрази благодарност до жените кои се бореле за споделени обврски, но и до мажите кои го направиле првиот чекор без да се грижат што мислат другите, бидејќи така помогнале да се променат перцепциите.



Н.Е. Невена Јовановиќ, амбасадор на Србија во Македонија.



# ЈОВАНОВИЌ: НЕ Е ДОВОЛНО САМО ДА СЕ ЗБОРУВА ЗА КВОТИ, ТРЕБА ДА КРЕИРАМЕ АТМОСФЕРА КАДЕ ШТО СИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ И ЦЕЛАТА НЕТОЛЕРАНЦИЈА КОН ЖЕНИТЕ ЌЕ БИДАТ НАДМИНАТИ

Амбасадорот на Србија во Македонија, Невена Јовановиќ, смета дека темата за родовата еднаквост треба сѐ почесто да се дискутира на конференции, дебати и панели, со цел да се создаде општество каде што родовата еднаквост нема да биде само тема за разговор, туку ќе биде реалност.

„Затоа, ајде сите заедно да креираме општество во кое еднаквоста помеѓу момчињата и девојчињата, мажите и жените ќе биде реалност. Да им создадеме можности да имаат не само еднакви права, туку и еднакви можности, да партиципираат рамноправно, да создаваат заедничка иднина, да преземаат одговорности за својата иднина и да имаат еднаква можност за придонес.

Ако зборуваме за улогата на жените во меѓународната политика, тоа оди рака под рака со учеството на жените во процесот на носење одлуки. Сметам дека сѐ уште има недостиг од жени на високи раководни позиции во просецот на носење одлуки, иако јас доаѓам од земја која може да сподели позитивни искуства. Но, многу е важно да се оди уште еден чекор напред. Не е доволно само да се зборува за квоти, иако ќе повторам дека во регионот на Западен Балкан имаме неколку позитивни примери на прекрасни жени на водечки позиции, треба да креираме атмосфера каде што сите нееднаквости, целата нетолеранција кон жените ќе биде надмината", рече Јовановиќ.

Според неа, улогата на жените во меѓународната политика е незаменлива, бидејќи како што рече, постојат многу работи кои жените можат да ги подобрат кога зборуваме за дипломатијата, за меѓународната политика. Таа смета дека жените во дипломатијата можат да дадат посебен и личен печат во преговарачките процеси.

„Мислам дека треба да ги јакнеме капацитетите на жени-лидери, посебно во дипломатијата и во меѓународната политика, кога станува збор за менаџирање со кризи, кога станува збор за преговарачки процеси, тоа е нешто што ние заедно можеме да го направиме. Доаѓам од земја која во изминатата деценија постигна голем напредок во однос на жените на водечки позиции. Ние имаме жена-премиер, жена на чело на Народната банка, 40 отсто министерки во Владата, а 31 процент од амбасадорите се жени. Но, тоа е само едната страна од монетата. Другата страна е дека сите ние треба да направиме повеќе, дека сите ние треба да создадеме атмосфера во која младите девојчиња ќе разберат дека имаат право да се застапуваат за своите права, да ги поттикнеме, да ги охрабриме дека имаат место на масата“, рече амбасадорот Јовановиќ и додаде дека истовремено многу е важно да се едуцираат и младите момчиња, затоа што само сплотени можеме да го поместиме општеството нанапред.

Јовановиќ, која во дипломатијата е веќе единаесет години, е најмладиот српски амбасадор на мисија во странство.

„Затоа, морам да подвлечам дека кога сте млада жена на важна позиција се остава впечаток дека навистина мора да работите повеќе и да докажете дека ги заслужувате овие позиции. Затоа не смееме да застанеме, тргнати сме по патот на еднаквоста и важно е да останеме на тој правец. А како ќе ја постигнеме целта да имаме потолерантно општество? Единствено со заеднички сили, државните институции, непрофитните организации, организациите на жени, политичките партии, само со заеднички напор ќе постигнеме значаен напредок“, додаде таа.

На младите девојки им порача да се едуцираат и да имаат големи соништа, бидејќи нешто што денеска се чини невозможно, не значи дека нема да биде возможно и по десет години, бидејќи, како што рече, актуелните политичари работат напорно за да обезбедат позитивно окружување за идните генерации.

Обраќање на Н.Е. Невена Јовановиќ, амбасадор на Србија во Македонија.





Патриција Ди Џовани, претставник на УНИЦЕФ во Македонија.

## ДИ ЏОВАНИ: МАЖИТЕ ДОБИВААТ УНАПРЕДУВАЊЕ ПОД ПРЕТПОСТАВКА ДЕКА СЕ ПОТЕНЦИЈАЛНО ДОБРИ ЗА ТАА РАБОТА, А ЖЕНИТЕ САМО ОТКАКО УСПЕШНО ЌЕ ЈА ЗАВРШАТ РАБОТАТА.



Иако во УНИЦЕФ веќе подолг период работат повеќе жени, тие сепак се надвор од менаџерскиот и од раководниот тим на организацијата, посочи на Форумот за женско лидерство, претставничката на УНИЦЕФ во Македонија Патриција Ди Џовани.

„Имаме жени кои се квалификувани. Ние во УНИЦЕФ мора да имаме минимум магистерски студии, ние сме правници, ние сме инженери, ние сме професори, сите ние сме професионалци во нашата област, но никако да влеземе во раководните позиции. Ние имаме термин за тоа, почнавме да го викаме семејни политики, но сфативме дека е дискриминирачки. И мажите сакаат семејни политики, но има многу жени што немаат деца и треба да бидат вреднувани поради својот избор. Затоа сега ги викаме специјални мерки. Тоа се специјални мерки кои не само што ги промовираат жените на високи позиции, но и ги подржуваат во тоа што ние го нарекуваме хармонија на приватниот и професионалниот живот и им дава можност да работат од дома, како и многу други работни практики. Имаме и неколку програми наречени менторски програми за жени. И самата бев почестена да им бидам ментор на неколку млади жени, но истовремено е вознемирувачки да слушнете дека во корпоративниот свет, жените на иста позиција работат повеќе од мажите, а ја добиваат работата само кога ќе докажат дека се способни, додека мажите добиваат унапредување само поради нивниот потенцијал. Значи, мажите добиваат унапредување под претпоставка дека се потенцијално добри за таа работа, а жените само откако ќе ја завршат работата. Ова го слушнав пред околу четири години и сè уште го паметам како пример за нееднаквост. Дури и јас за да ја заслужам оваа позиција, морав да работам двојно повеќе од другите", вели таа.

Според Ди Џовани, жените на раководни функции мора да продолжат со својата менторска работа, но и да си бидат поддршка едни на други, а не меѓусебно да се гледаат како закана или конкуренција.




Јулија Кенинг, заминик-јавен обвинител во Загреб, Република Хрватска.

# КЕНИГ: ЖЕНИТЕ-ОБВИНИТЕЛИ ИМААТ ПОГОЛЕМА ОДГОВОРНОСТ КОН ЖРТВИТЕ

„Да се биде јавен обвинител е многу одговорна функција, бидејќи жените-обвинителки имаат поголема одговорност пред сè кон жртвите, за нивните права и нивната слобода", посочи на панел-дискусијата за жените во јавната дипломатија, Јулијана Кениг, заменик-јавен обвинител во Загреб, Република Хрватска. Таа вели дека како обвинителка, повеќе сочувствува со жените-жртви на секаков вид криминал.

„Многу сум задоволна кога во судница ќе го добијам случајот против успешни мажи-адвокати. Тоа ме прави многу среќна", рече таа и додаде дека во Хрватска нема разлика помеѓу мажите и жените-обвнители. Во Хрватска седум отсто од обвинителите се жени, што е приближно исто како и во цела Европа.

„На пример, мојата колешка од Романија Лаура Ковеши, стана главен обвинител на ЕУ. Таа е многу добра и паметна обвинителка. Во Хрватска, исто така, државната обвинителка е жена. Јас цели петнаесет години бев шеф на обвинителството во три града во околината на Загреб. Сметам дека ние жените подобро ја извршуваат работата како обвинителки отколку мажите на истата позиција", рече Јулијана Кениг, заменик-јавен обвинител од Хрватска.

Таа им се заблагодари на Роза Луксембург и на Клара Цеткин, кои ја започнаа битката за правата на жените, истакнувајќи дека е среќна што денеска жените се на високи раководни позиции и додавајќи дека како жена ќе продолжи и во иднина да се бори за женските права.



Илина Магова, заменик-директор на ИРИ.

# МАНГОВА: КОГА ВЛЕГОВ ВО ОВАА РАБОТА, НЕ БЕШЕ ПРОБЛЕМ ДЕКА СУМ ЖЕНА, ТУКУ ДЕКА СУМ МЛАДА

„Кога влегов во оваа работа, не беше проблем дека сум жена, туку дека сум млада. Кога почнав да работам, работев со многу искусни политичари и мојата цел на тој пат беше да научам повеќе и да стекнам поголемо искуство. Морав да се стекнам со експертиза за да се позиционирам себеси во оваа професија", раскажува Илина Мангова, заменик-директор во ИРИ, чија секојдневна работа подразбира соработка со политичари, политички партии и државни институции. Таа вели дека до сега немала негативно искуство во работата ниту пак почувствувала дискриминација во професионалното опкружување.

„Кога почнав, беше многу поразлично. Обично бев единствената жена во просторијата на средби со најрелевантните лидери на политичките партии. Сега, иако состојбите се многу поразлични, за жал, повторно сме во истата ситуација, јас и моите соработнички сме единствените жени во просторијата кога се сретнуваме со лидерите на политичките партии", вели Мангова и додава дека жените на високи работни позиции се попривилегирани во споредба со жените од помалите рурални заедници кои немаат ниту пристап до високо образование.

„Јас од секогаш сум била свесна за моите привилегии во животот. Доаѓам од семејство каде што образованието не е привилегија туку потреба. Но, поинаку ќе беше ако сега разговаравме во некоја помала општина во Македонија, каде што жените не можат да си дозволат да патуваат до Скопје за да учат, тие не можат да најдат сопруг што ќе готви, да не зборуваме за споделено родителско отсуство или да ги поддржат во нивната кариера. Ние сме во многу подобра ситуација споредено со мнозинството жени кои работат. Затоа нашата улога е да ги поддржиме и секогаш да ги имаме на ум кога луѓето ќе ја потценуваат квотата, бидејќи секогаш ќе има повеќе жени кои не би можеле да стигнат до онаму каде што сме ние", заклучи Илина Мангова на панелот посветен на жените во дипломатијата, кој се одржа во рамки на Форумот за женско лидерство на УТМС.

# КОМПАРАЦИЈА



**Просечната плата во Македонија, и покрај тоа што достигна 34.354 денари, и понатаму е најниска во регионот споредено со тие во поранешните југословенски републики, поради што и куповната моќ на граѓаните во Македонија е на ниско ниво. Професорот Зоран Ивановски од Универзитетот Скопје смета дека Македонија и понатаму има најнизок просек во регионот, кој се движи од нашите 558 евра до просекот во Словенија од 1.419 евра.**

„Ако ја спoредиме куповната моќ само преку пет основни прехранбени производи, лебот, месото, млекото, маслото за јадење и сирењето, се доаѓа до констатација дека лебот кај нас е поевтин, додека млекото е поевтино во Хрватска. Маслото за јадење е речиси двојно поскапо кај нас споредено со Црна Гора“, вели професорот Ивановски и додава дека просечниот Словенец, на пример, може да купи речиси три пати повеќе месо од нашите сограѓани и речиси двојно повеќе кравјо сирење.

Во однос на најавеното покачување на минималната плата за 12 отсто и на пензиите за близу 7 проценти, професорот Ивановски смета дека ваквото покачување на примањата на граѓаните нема многу да влијае на нивната куповна моќ.

„Имајќи предвид дека индексот на трошоците на животот во јануари во 2023 година во

# КОЛКАВИ СЕ ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ



однос на јануари во 2022 година, бележи зголемување од 7.1%, а индексот на цените на мало бележи зголемување од 13.3%, не можеме да констатираме дека покачувањето на платите и на пензиите ќе ја зголеми потрошувачката моќ на граѓаните. Реално, не може да се каже дека барем се обезбедува индексација на платите и на пензиите за стапката на инфлација", вели професорот од УТМС, Зоран Ивановски.

Негова препорака е Владата да прави редовно годишно усогласување на растот на платите и на пензиите со стапката на инфлација.



Проф. д-р Зоран Ивановски, професор на УТМС.

# МИНИМАЛНАТА ПОТРОШУВАЧКА КОШНИЦА НАДМИНА 50.000 ДЕНАРИ

Според најновите податоци објавени од страна на Државниот завод за статистика, индексот на трошоците на животот во февруари 2023 година, во однос на февруари 2022 година, бележи зголемување од 16.7%, а индексот на цените на мало бележи зголемување од 12.4%.

На ова реагираа од Сојузот на синдикати на Македонија. Тие потенцираат дека цените неоправдано растат и дека се осиромашуваат работниците.

„Неоправданото зголемување на цените дополнително ги осиромашува работниците и граѓаните, додека газдите и компаниите профитираат од таквите неоправдани, нелогични и нечовечки зголемени цени. Нивните огромни профити ја подгреваат инфлацијата, а не платите на работниците, со кои одвај се преживува тековниот месец", се вели во дописот на ССМ.

Иако инфлацијата се намалува и за месец февруари изнесува 16,7%, што претставува намалување за 0,4 процентни поени споредбено со месец јануари истата година, сепак синдикалната минималната кошница се зголемува. Според пресметката, вредноста на синдикалната минимална кошница за месец февруари изнесува 50.909 денари и е поголема за 110 денари споредбено со синдикалната минимална кошница за месец јануари од 50.799 денари .

Зголемувањето е поради порастот на индексите на трошоците на животот во февруари 2023 година во споредба со претходниот месец, јануари 2023 година, и тоа значително кај исхрана и пијалаци од 0,9 отсто, домување од 1,3 проценти и кај хигиената од 2 отсто.

„Пораст на индексите на трошоците на животот во февруари 2023 година во споредба со претходниот месец, јануари 2023 е забележан кај пивото за 5.8%, свежиот и разладениот зеленчук, освен компирите и другите коренести плодови за 4.9%, кафето, чајот, какаото за 2.3 %, жестоките пијалаци за 1.4%, прехранбените производи неспоменати на друго место за 1.3%, лебот и житата за 1.2%, минералната вода, газираните пијалаци, соковите од овошје и зеленчук за 1.0%, шеќерот, џемот, медот, чоколадата и кондиторските производи, виното за 0.9% и месото за 0.7%", објави Државниот завод за статистика.

**Минимална потрошувачка кошничка**

| Реден број | Елементи кои ја формираат вредноста на минималната синдикална кошница | Месец 2 2023 | % учество структура |
|---|---|---|---|
| 1. | Исхрана и пијалоци | 19 379,74 | 44,42 |
| 2. | Домување | 13 306,50 | 30,50 |
| 3. | Хигиена | 3 154,21 | 7,23 |
| 4. | Превоз | 3 679,62 | 8,43 |
| 5. | Облека и обувки | 2 232,51 | 5,12 |
| 6. | Култура | 1 067,86 | 2,45 |
| 7. | Одржување на здравје | 803,69 | 1,84 |
| | Вкупно | 43 624,14 | 100,00 |
| 8. | Трошоците на живот (Инфлација) | 7 285,23 | 16,7 |
| | Вкупно: | 50 909,37 | 116,7 |

# КАДЕ Е МАКЕДОНИЈА НА ЕВРОПСКАТА МАПА СПОРЕД КУПОВНАТА МОЌ НА ГРАЃАНИТЕ?

Во најразвиените европски земји, само 10-тина проценти од расходите во семејствата се трошат за храна и за безалкохолни пијалаци. Сепак, и во ЕУ има разлики, па дел од земјите, како Романија, Литванија, Бугарија трошат од 20 до 24 проценти од вкупните расходи за овие намени.

Процентот кој македонските семејства го одвојуваат од семејниот буџет само за храна и безалкохолни пијалаци е многу поголем и претставува многу сериозен трошок. Податоците на Државниот завод за статистика покажуваат дека на едно просечно македонско семејство му се потребни високи 67,2 проценти од својот буџет за основни потреби како храна, облека, домување и покуќнина.

Последните податоци кои ги објави „Евростат“ покажуваат дека во 2021 година, домаќинствата во ЕУ потрошиле над 1.035 милијарди евра, што е еквивалентно на 7,1 отсто од вкупниот БДП на Унијата за храна и за безалкохолни пијалаци.

Притоа, ова опфаќа 14,3 отсто од вкупните расходи на домаќинствата. Споредено со 2020 година, кога тој опфат бил 14,8 проценти, има намалување од 0,5 процентни поени.

Бројките покажуваат дека најголем дел од семејниот буџет за храна и за безалкохолни пијалаци се троши во Романија, каде што трошокот достигнува 24,8 проценти. Потоа следуваат Литванија со 20,4 отсто, Бугарија со 20,1 процент и Естонија, каде што 19,9 проценти одат на основни трошоци.

Спротивно на нив, најмали трошоци за основни потреби од европските земји има во Ирска, каде што се одвојуваат само 8,3 проценти за храна, по која следува Луксембург, каде што 9 отсто одат на храна, додека во Австрија овој трошок достигнува 10,9 проценти, по што следуваат Данска и Германија, каде што за храна и за безалкохолни пијалаци се трошат 11,8 отсто.

**Потрошувачка за храна и безалкохолни пијалоци во земјите на ЕУ според „Еуростат“**

| Реден број | Земја на ЕУ | Потрошувачка на храна и безалкохолни пијалоци |
|---|---|---|
| 1. | Романија | 24,8% |
| 2. | Литванија | 20,4% |
| 3. | Бугарија | 20,1% |
| 4. | Естонија | 19,9% |
| 5. | Данска | 11,8% |
| 6. | Германија | 11,8% |
| 7. | Австрија | 10,9% |
| 8. | Луксембург | 9,0% |
| 9. | Ирска | 8,3% |



Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


Т ЗА ТУРИЗАМ
АЏМЕНТ
ОПЈЕ

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC